# Развојна програма 2022-2026



ООУ„Стив Наумов“,Скопје

# Содржина


Преамбула ........ 3

Вовед ........ 4

1.Податоци за училиштето ........ 5

1.1.Идентификациони податоци за училиштето ........ 5

1.2.Историјат на училиштето ........ 6

1.3.Специфики кои го карактеризираат училиштето ........ 7

2.Преглед на постоечките ресурси со кои располага училиштето ........ 9

2.1.Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка ........ 9

2.2. Работен стаж на вработените ........ 10

2.3.Простор ........ 10

2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“ ........ 11

2.5.Материјално-финансиско работење на училиште ........ 23

3.Подрачје на работа на училиштето ........ 25

4. Евалуација на работата на училиштето во претходните четири години ........ 27

4.1. Самоевалуација на училиштето ........ 27

4.2.Интегрална евалуација на работата на училиштето ........ 33

5.Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа) ........ 39

6.Мисија и визија ........ 45

7.Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој во четиригодишниот период ........ 45

8.Соработка на основното училиште со родителите/старателите ........ 52

9.Соработка на училиштето со општината, институциите од областа на образованието и НВО ........ 53

10.Следење на имплементацијата на развојната програма за работа на училиштето ........ 56

11.Евалуација на Развојната програма за работа на училиштето........................................................................................................ 56
12.Заклучок ....................................................................................................................................................................................... 57
13.Комисија за изработка на Развојната програма за работа на училиштето.............................................................................................. 57
14.Користена литература....................................................................................................................................................................... 58

## Преамбула

Развојната програма за работа на ООУ„Стив Наумов“-Скопје се изготвува согласно член 49 од Законот за основно образование (Службен весник на Република Северна Македонија бр.161/19) и член 1 и 2 и глава II и IV од Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. 18-6579/1 од 06.07.2020г. донесен од Министерот за образование и наука.

Училишниот одбор при ООУ„Стив Наумов“ согласно член 108 од Законот за основно образование на седницата одржана на 05.10.2022год. донесе одлука бр.02-404/2 за усвојување на Развојната програмата за работа на училиштето за периодот 2022-2026 година.

Со Развојната програма се планирани целите и визијата за развој на училиштето во периодот од четири години, со конкретно наведени активности на училиштето согласно со стратешките и концепциските документи и стручни документи и упатства утврдени од надлежните институции.

Развојната програма се заснова на: Закон за основно образование, Правилник за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште, Стратегија за образование 2018-2025, Концепт за развивање на систем на образование од далечина, Концепција за воннаставни активности во основното образование, Концепцијата за инклузија на деца со посебни потреби во основното образование, Концепција за државно тестирање во основното образование, Законот за наставници и стручни соработници во основните и средните училишта и други закони, подзаконски и интерни акти, Наставни планови и програми, Годишни програми за работа на основното училиште, Годишни извештаи за работа на основното училиште од претходните четири години, Извештај од интегрална евалуација на основното училиште и сл.

## Вовед

Развојната програма на училиштето е стратешки документ кој ги дефинира приоритетите во рамките на воспитно-образовната работа со цел нејзино подобрување. За изработка на самата Програма формирана е Комисија, но во самото нејзино креирање консултирани се сите субјекти кои влијаат или се директно вклучени во работата на училиштето (наставници, ученици, родители, претставници на локалната заедница, институции).

Програмата е основа за постигнување позитивни промени во училиштето и претставува стратегија за развој на компетенциите на наставниците и учениците и како таква претставува континуиран процес кој е предмет на корекции и дополнувања при самото нејзино спроведување. Програмата за развој на училиштето е подготвена за академскиот период 2022 до 2026 година.

Развојната програма за работа на основното училиште е изготвена врз основа на: Законот за основно образование, Законот за наставници и стручни соработници, Законот за работни односи, Законот за јавни набавки, Стратегија за образование 2018-2025, наставни планови и програми, годишни програми за работа на основното училиште и годишни извештаи за работа на основното училиште од претходните четири години, Извештајите од спроведената самоевалуација на работата на училиштето и сл....)

# 1.Податоци за училиштето

## 1.1.Идентификациони податоци за училиштето

| Име на основното училиште | Стив Наумов |
|---|---|
| Адреса | Ул.Лазар Поп Трајков бр.28 |
| Телефон | 02/3174 006 |
| Место, општина | Гази Баба,  Скопје |
| Веб-страница | https://ou-stivnaumov.edu.mk/ |
| Е-маил | ou_stiv_naumov@yahoo.com |
| Ден на училиштето | 27 октомври |
| Внатрешна површина на училиштето (m2) | 5000 м2 |
| Училиштен двор (m2) | 8500 м2 |
| Подрачни училишта во состав на основното училиште, место | / |
| Капацитет на училиштето (максимален број на ученици) | 1000 |
| Број на ученици (моментална состојба) | 831 |
| Број на паралелки | 34 |
| Јазик/јазици на кој/кои се реализира наставата во училиштето | Македонски јазик |
| Во основното училиште има паралелки за ученици со посебни образовни потреби | / |
| Број на смени во кои се реализира наставата во училиштето | Две смени |
| Во основното училиште има паралелки од музичко училиште | / |
| Во основното училиште има ресурсен центар | Центар за поддршка ОУРЦ„Иднина“ |
| Други идентификациони податоци карактеристични за основното училиште | |

## 1.2.Историјат на училиштето

Во старо Скопје, 1947 година ќе остане запаметена како година во која започнува изградбата на новата населба - Автокоманда. Истата година, со растот на населбата  се согледала и  потребата од училиште. Па така во учебната 1948/49 година започнала да се реализира настава со една паралелка со 35 ученици, во прво одделение. Наставата се одвивала во една приспособена просторија, а учителката Трајанка Митева истовремено била и учител и раководител на училиштето. Наредната учебна година училиштето го посетувале две паралелки, една прво и една второ одделение, со 84 ученика. А во учебната 1950/51 година настава реализирале три одделенија со вкупно 125 ученика.

Во 1951 година со одлука на Народниот Одбор на Општината „Саат Кула“ училиштето било именувано како Осумгодишно основно училиште „Стив Наумов“.

Може да се каже дека развојниот пат на училиштето минува низ четири етапи и тоа: првата од 1948 - 1955 година; втората од 1955 - 1963 година; третата од 1963 - 1991 година и четвртата од 1991 година па до денес.

По изградбата на фискултурната сала во 1964 година и новата зграда на училиштето 1968 година, со кабинети и 1987 година со изградбата на кровот, наполно е оформен сегашниот училишен објект. Во 1982 година се воведува целодневна настава која и денес се изведува. Оттогаш се повеќе се настојува да се излезе во пресрет на родителите и на учениците, а особено да се даде прилог за одење во чекор со современото школство.

Денес ООУ „Стив Наумов“ има статус на јавна установа чија основна дејност е воспитание и образование на деца, ученици од I – IX одделение и ги опфаќа учениците од НМ „Автокоманда“, „Керамидница“ и „Триангла“.

Структурата на наставниот кадар се подобрува од година во година, а наставата се изведува во кабинети опремени со аудиовизуелни средства. Живиот збор на наставникот се почесто се заменува со нагледност, слика на екран, податоци од компјутер, самоистражувачка работа, самостојно учење, описно оценување модернизација во воспитно-образовниот процес итн.

Од своите почетоци училиштето располага со училишна библиотека чиј библиотечен фонд секоја година се збогатува со лектирни изданија за учениците, но и помошна литература за наставниците.

Големиот ентузијазам на учениците и ангажирањето на наставниците придонесува секоја година да се освојуваат бројни награди и признанија на општински, градски,републички и сојузни натпревари.За високо постигнати резултати училиштето со право се котира меѓу водечките училишта во градот, а тоа се реализира преку методологијата за вреднување на резултатите во основните училишта.

За резултатите постигнати во наставно-образовниот процес училиштето има добиено и освоено повеќе значајни награди и признанија од своето постоење до денес. Во 1979 год. училиштето го добива високото признание со Указ на Јосип Броз-Тито „Орден на трудот со златен венец“. Истата година ја добива наградата „13 Ноември“ за особени резултати во образовно-воспитната дејност. Во 1980 год. и 1986 год., Извршниот одбор на Собранието на меѓуопштинската заедница за предучилишно и основно образование донел одлука да се додели признание за вонредни резултати во воспитно-образовната работа.

Достигнувањата од минатото се предизвик кој се исправува пред учениците и вработените во училиштето да се продолжи по патот на успехот.

### 1.3.Специфики кои го карактеризираат училиштето

Училиштето ги следи современите тенденции и практики во обласа на образованието со цел унапредување на целокупниот воспитно-образовен процес. Креатори на успешните образовни политики се директорот, стручните соработници и наставниците кои постојано ги стимулираат неисцрпните можности на децата, ги мотивираат и ги учат децата да учат, да мислат и размислуваат, да делуваат и решаваат проблеми и предизвици што ги наметнува времето и цивилизацијата во која живееме. Преку планирање на активности се придонесува за развивање мултикултурен и родов сензибилитет кај учениците, истовремено активно градејќи го инклузивното образование кое пак претставува темел на инклузивното општество. Инклузивното образование како еден од аспектите на социјалната инклузија има значење на најважен облик на општествена еднаквост и прифаќање. Тоа е образование насочено кон различните барања и потреби на сите деца, со особен акцент на оние деца и групи подложни на

социјална исклученост и маргинализација. За успешно спроведување на инклузивното образование и согласно Законот за основно образование и Концепцијата за инклузивно образование училиштето активно соработува со ОУРЦ„Иднина“ и Центарот за подршка кој од учебната 2021/22 е отворен во нашето училиште,

Училиштето, како центар за учење во заедницата остварува партнерски односи во заедницата и преку имплементација на современиот концепт на настава се фокусираме на вклучување на семејствата и локалната заедница во воспитно-образовниот процес, како и во сите воннаставни активности. Образовната политика на училиштето е фокусирана на обезбедување на висок степен на учество на родителите во одлуките кои се донесуваат, а се однесуваат на воспитанието и образованието на децата/учениците, овозможувајќи им на тој начин поголеми можности за постанување партнери во работењето на воспитно-образовните институции.

Во училиштето акцент е ставен на слободните ученички активности со кои се создава можност за индивидуализација на воспитно-образовниот процес, за задоволување и негување на индивидуалните интереси и способности на учениците, на работата на Ученичкиот парламент, ученичките иницијативи и кампањи чија цел е зајакнување на демоткратската клима во училиштето, поттикнување на одговорноста на учениците за состојбите во училиштето и заедницата и зајакнување на иницијативноста кај учениците за преземање активности за позитивна промена.

Училиштето промовира мултикултурализам на тој начин што води политика на позитивно вреднување и промовирање на етничката, културната, верската и јазичната разноликост во училиштето и заедницата, ги поттикнува учениците да учат да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници во државата, без оглед на која етничка група припаѓаат и на кој јазик ја посетуваат наставата. За таа цел во рамки на проектот „Меѓуетничка интеграција во образованието“ и „Редовно на часови“ финансиран од Фондацијата за образовни и културни иницијативи Чекор по чекор се организираат заеднички воннаставни активности наменети за културно/јазични мешани групи, но училиштето ги користи и сите други можни стратегии за да се обезбеди меѓуетничка соработка на учениците и вработените од истото или со друго училиште.

Во нашето училиште се формирани клубови преку кои учениците имаат можност да се вклучат во хуманитарни, едукативни и рекреативни активности: Клуб за едукација и превенција на Црвен Крст на РМ, Клуб за учење и дружење, Клуб за превенција од насилство и Училишен спортски клуб. Во соработка со Првата детска амбасада во рамки на Програмата за „Мировно образование“„ и други проекти се реализираат активности чија цел е информирање на јавноста за подобро родителство и подобар третман на учениците на училиште и во семејството, јакнење на капацитетите на стручните соработници, наставниците и родителите за обезбедување сигурна и безбедна училишна и семејна околина, како и унапредување на детските права. Училиштето соработува и со Центарот за социјална работа, СОС Детско село Македонија, Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба од кои добива поддршка во грижата за децата од

семејства со социјален ризик. Црвениот Крст на Македонија одржува обуки и стручни предавања, како и ни доставува информативен материјал со цел едукација на учениците за превенција од болестите на зависност (алкохол, цигари, дрога...) во рамки на училишниот Клуб за превенција и едукација.

ООУ„Стив Наумов“ како партнер организација учествуваше во спроведување на Еразмус + проект КА2 -КА201 (Стратегиски партнерства за поддршка на иновации во училишно образование) насловен како PREDICT. Проектот започна со реализација во декември 2019 год., а заврши на 14.06.2022 год.. Главната цел на проектот беше да се развијат нови наставни програми, методологии за образование, веб апликации и игри за обука на деца, млади и лица со посебни потреби преку создавање нов пристап во обука на овие лица.

Во својата работа училиштето постојано ги користи поуките и искуствата од работата во изминатите учебни години и анализите на работењето на сите органи и тела кои функционираат во него. Овие искуства придонесуваат за надминување на одредени пропусти во работењето, а воедно се користат за изготвување на годишните и развојни програми, како на училиштето, така на сите стручни органи и тела.

## 2.Преглед на постоечките ресурси со кои располага училиштето

### 2.1.Број на вработени и стручен профил (човечки ресурси) и стручна подготовка

| Стручен профил | Број на извршители | | Стручна подготовка | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | основно | НСС | ССС | ВШС | ВСС | м-р |
| Наставен кадар | Одделенска настава | 30 | | | | 3 | 26 | 1 |
| | Предметна настава | 28 | | | | 1 | 24 | 3 |
| Раководен кадар | 1 | | | | | | | 1 |
| Стручни соработници | 4 | | | | | | 2 | 2 |
| Административни службеници | 2 | | | | 2 | | | |
| Помошен и технички кадар | 10 | | 3 | | 5 | | 2 | |

## 2.2. Работен стаж на вработените

| Работен стаж | Број на вработени наставници во одделенска настава | Број на вработени наставници во предметна настава | Број на вработени стручни соработници | Број на вработени админи-стративни службеници | Број на вработен технички персонал | Број на вработен раководен кадар |
|---|---|---|---|---|---|---|
| До 10 години | 3 | 4 | 2 | | 4 | |
| Од 10 до 20 години | 17 | 15 | 1 | 1 | 4 | |
| Од 20 до 30 години | 1 | 7 | 1 | 1 | 2 | |
| Повеќе од 30 години | 9 | 2 | | | | 1 |
| Вкупно | 30 | 28 | 4 | 2 | 10 | 1 |

## 2.3.Простор

| Простор | Вкупен број | Површина ($m^2$) | Состојба | Забелешка |
|---|---|---|---|---|
| Училници | 38 | 1.140 $m^2$ | | 2 |
| Кабинети | 6 | 96 $m^2$ | | |
| Библиотека | 1 | 40 $m^2$ | | има потреба за соодветна просторија |
| Медиотека | | | | има потреба за просторија |
| Читална | | | | |
| Спортска сала | 1 | 270 $m^2$ | | има потреба за уште една сала |
| Канцеларии | 7 | 112 $m^2$ | | |
| Училиштен двор | 1 | 10.000 $m^2$ | | потребно е хортикултурно уредување |
| Заеднички простор за прослави | | | | потребна е соодветна просторија |
| Кујна | 1 | 50 $m^2$ | | |
| Трпезарија | 1 | 50 $m^2$ | | |
| Друго | | | | |

## 2.4. Опрема и наставни средства согласно „Нормативот и стандарди за простор, опрема и наставни средства“

| Постоечка опрема и наставни средства | Потребна опрема и наставни средства |
|---|---|
| **Одделенска настава** | |
| Куќишта – 2 | Звучници 2 |
| Монитори – 3 | Линијар,триаголник за цртање на таблата |
| Тастатури – 3 | Сметалки (3 за секоја паралелка) |
| Мауси – 2 | метро за мерење должина<br>(3 за секоја паралелка) |
| Звучници – 2 | Постери -Табела 100 |
| Интерактивна табла DELL 4G – 1 | |
| LCD проектори - 3 | |
| Лаптопи мали МОН – 76 | |
| Полначи МОН – 80 | |
| картички со броеви<br>(за секоја паралелка 4) | |
| ДМИ ( 3 дајриња,2 дрвени тропалки,2 чинели, 3 тропалки, 2 триангли, 2 кастењети, рачно ѕвонче,мелодика | |
| Интерактивни игри(нелути се човече) | |
| Домино карти (за секоја паралелка 4) | |
| Гео табла пластична и плочки со 2Д-форми | |
| ПОСТЕРИ со , броеви,животни, овошје, зеленчук, годишни времиња, човечкото тело<br>Геметриски форми и тела, бројна низа<br>(за секоја паралелка 4) | |
| Лупи (за секоја паралелка 4) | |
| Принтери- Phaser 3020- ( во целодневна-3) | |
| метро за должина (едно) | линијари |
| | Ваги,метра,садови за зафатнина,магнети, |
| вага за мерење телесна тежина | Часовници,модел на сончев систем,модел на струјно коло, |
| | Примероци од видови карпи,почва и материјали |

| | |
|---|---|
| Хамер со печатни и ракописни букви<br>(големи и мали) | |
| Проектор 1 | |
| Лаптопи за наставниците | |
| вага за мерење тежина со тегови | динамометар |
| карти на Македонија | магнети |
| линијари дрвени прави од 1 м | модел на заби (вилици) |
| комплети мрежи на 2Д и 3Д форми | збирка на карпи |
| латиница букварки пластифицирани | шестар со маркер |
| сончев систем макета | вага |
| сунѓери, крпи за табла, кофи за вода<br>(за ликовно час) | мензура |
| | метар за должина |
| | агломер |
| | постер со кирилични и ракописни латинични букви |
| | металофони |
| | листови во боја |
| | динамометар |
| Телевизор – 1 | струјни кола |
| Телевизор – 1-???? | усб за наставници |
| LCD проектор – 3 | магнети |
| Паметни табли-3 | абакуси-броеви-големи рачуналки |
| карти на Македонија | постери математика за пресметување проценти,децимални броеви и дропки |
| компаси, глобуси | |
| линијари | |
| постери-дропки и геом.фигури<br>топки –заедно со физичко | |
| карти на Македонија | Глобус,триаголници и аголмери |
| прави дрвени линијари | |
| топки за секоја паралелка (фудбалска, одбојкарска, ракометна) | шестари со маркер за бела табла (ова беше во постоечки ,но немаме информации дали има набавено |
| постери математика за пресметување проценти,децимални броеви и дропки | |
| Сложувалки до 7 годишна возраст | рутер за безжичен интернет да можат учениците да |

| | |
|---|---|
| | истражуваат или да се забавуваат на своите паметни телефони |
| Друштвени игри –Монопол, Не лути се човече, Меморија | звучници за компјутер |
| Фудбали, баскети | Сложувалки до десетгодишна возраст,пикадо |
| смарт телевизор кој има опција за интернет | друштвени игри – Монопол, Не лути се човече, Меморија, шах, домино |
| | фудбали,баскети и топки за одбојка |
| **Предметна настава** | |
| Македонски јазик | |
| Телевизор – 1 | Речник на македонскиот литератураен јазик (толковен) |
| LCD проектор – 1 | 2-3 примерока од Зборникот на Миладиновци |
| Монитор – 1<br>(заеднички за мак. јаз. и музичко обр.) | |
| Телевизор<br>(заеднички за мак. јаз. и музичко обр.) | |
| **Англиски јазик** | |
| Флеш Карти | Прожектор-1 |
| CD плеер | Таблет-1<br>Звучници<br>Телевизор – 2 |
| **Граѓанско образование** | |
| Стручна литература:<br>- Устав;<br>- Декларација за човекови права;<br>Конвенција за правата на децата | |
| **Историја** | |
| Карта – Европа во Среден век – 1 | не треба нови |
| Карта – Карпошово востание – 1 | |
| Карта – Македонската држава пр.н.е. – 1 | |
| Карта – Држави Среден Исток – 1 | |
| Карта – Македонската средновековна држава – 2 | |
| Карта – Балкан – 1830-1914 – 1 | |
| Карта – Востанија во Македонија 19 и 20 век – 1 | |

| | |
|---|---|
| Карта – Прва Светска војна – 1 | |
| Карта – Административна поделба – 1 | |
| Карта – Европа 20 век – 1 | |
| Карта – Големи географски откритија – 1 | |
| Карта – Грција – Стар век – 1 | |
| Карта – Нашите земји во Римско царство – 1 | |
| Карта – Втора Светска војна – 1 | |
| Карта – Југославија – 1 | |
| Карта – Античка Македонија – 1 | |
| Карта – Појава на човекот и новата цивилизација – 1 | |
| Карта – Балкански војни – 1 | |
| Карта – Македонија во Првата Светска војна – 1 | |
| Карта – Македонија во Втората Светска војна – 1 | |
| Карта – Самоилово царство – 1 | |
| Телевизор – 1 | |
| Карта – Прва светска војна - Европа | |
| **Француски јазик** | |
| | Статичен ЛЦД проектор за во училница |
| **Германски јазик** | |
| CD плеер | не треба нови |
| **Етика на религиите** | |
| Нов завет | не треба нови |
| **Ликовно образование** | |
| Како да препознаете уметност (книга) – 1 | да се оспособи смарт таблата |
| Мајсторски дела во голем формат (книга) – 1 | |
| Музеј на Светот – Виена – 1 | |
| Музеј на Светот – Мадрид – 1 | |
| Каналето (книга) – 1 | |
| Дирер (книга) – 1 | |
| Ван Ајк (книга) – 1 | |
| Бош (книга) – 1 | |
| Методика на ликовно образование – 1 | |
| Откривање – светот на уметноста – 1 | |

| | |
|---|---|
| Светска уметност – Фраско (книга) – 1 | |
| Постаменти – 2 | |
| Монитор – 1 | |
| Тастатура – 1 | |
| Маус – 1 | |
| Интерактивни табли DELL 4G – 1 | |
| LCD проектор – 1 | |
| Завеси | |
| стручна литература – книги од областа на уметноста од 20 век | |
| **Музичко оразование** | |
| Систем, Bluetooth звучник | |
| **Хемија** | |
| -држач за епрувети дрвен<br>-Хофманов апарат<br>-ЛЦД проектор<br>-Мензура<br>-Модели на молекули<br>-Таблица на периоден систем-постер(2)<br>-Порцелански сад аван<br>-Смарт табла<br>-Стаклени колби<br>-Сталак пластичен<br>-Триножник<br>-Канта за лабораториски отпаден материјал<br>- Противпожарен апарат<br>-Кутија со прибор за прва помош со содржина согласно DIN 13157<br>- Епрувети од лабораториско стакло со обрач на врвот(160 mm x 16 mm) (10)<br>- Епрувети од лабораториско стакло со обрач на врвот(200 mm X 25mm) (10)<br>- Сталак за 60 епрувети со пречник 16 mm (5)<br>-Лабораториска чаша,стаклена , градуирана,зафатнина 100 $cm^3$ (5)<br>- Лабораториска чаша,стаклена , градуирана,зафатнина 250 $cm^3$ (5)<br>- Лабораториска чаша,стаклена , градуирана,зафатнина 600 $cm^3$ (2)<br>- Мензура,стаклена со зафатнина 50 $cm^3$ (3) | -Универзален индикатор<br>-Метил портокалово индикатор<br>-Бром крезол зелено<br>-Фенолфталеин индикатор<br>-Филтерна хартија<br>-Магнезиумова лента<br>-Цинк – гранули<br>-Олово(II) нитрат – цврст<br>-Калиум јодид – цврст<br>-Јод<br>-Сулфурна киселина<br>-Сребро нитрат – цврст<br>-Натриум хидроксид<br>-Натриум карбонат<br>-Натриум нитрат<br>-Калиум хлорид<br>-3Д модел на атом’<br>-Симболи за предупредување (за хемиски супстанци) - постер |

| | |
|---|---|
| - Мензура,стаклена со зафатнина 100 $cm^3$ (3)<br>- Мензура,стаклена со зафатнина 250 $cm^3$ (3)<br>- Мензура,стаклена со зафатнина 500 $cm^3$ (1)<br>- Колби со тесно грло и рамно дно со зафатнина 250 mL (3)<br>-Саатни стакла d=80 mm( 3)<br>- Одделителна инка,цилиндрична,градуирана со зафатнина 100 mL(2)<br>- Стаклени инки (5)<br>- Безбедносна запалка на пли (2)<br>- Стаклени цевки со дијаметар од 6 mm,должина 50 cm (5)<br>- Стаклени цевки со дијаметар од  8 mm,должина 50 cm (5)<br>- Стаклени цевки со дијаметар од 10 mm,должина 50 cm (5)<br>- Стаклени прачки со димензии:должина 15 cm и дебелина 1 cm (5)<br>- Пластични чаши од 250 mL<br>- Градуирани пипети10 mL(5)<br>- Градуирани пипети25 mL(5)<br>-Пумпици за пипетирање од природна гума пипети до 100 mL (5)<br>- Ерленмаер 300 Ml со широко грло (2)<br>- Капалки/Пастерови пипети 3 ml, пластични (10)<br>- Стаклена када 20 cm x 20 cm x 40 cm со дебелина 6 mm (1)<br>- Стаклени шишиња за реагенси 500 $cm^3$ , од лабораториско стакло,градуирани со затворач (5)<br>- Стаклени шишиња за реагенси 1000 $cm^3$ , од лабораториско стакло,градуирани со затворач (3)<br>- Стаклени шишиња за реагенси 100 $cm^3$ , од лабораториско стакло,градуирани со затворач (3)<br>-Пластични шишиња за реагенси со тесно грло, со капацитет 100 $cm^3$ ,со затворач (3)<br>- Пластични шишиња за реагенси со тесно грло, со капацитет 500 $cm^3$ ,со затворач (3)<br>- Стаклено шише за индикатори со пипета,зафатнина 100 $cm^3$(1)<br>- Либигово ладило со должина 250 (1)<br>- Стаклен сад за мерење 25mL , со капак (2)<br>- Порцелански здели d=96 mm (2)<br>- Порцеланско лонче со капак 20 mL ,стабилно на температура до 1300$^\circ$ C(1)<br>- Порцеланско аванче (3)<br>- Толчник со аванче со пречник на глава 35 cm-36 cm и должина 150 mm | |

| | |
|---|---|
| - Лабораториски лажици 25 mL (50)<br>- Пипети со гумичка (5)<br>- pH метри (3)<br>- Метален стати со прачка од хромиран челик со висина од 250 mm и дебелина 12 (2)<br>- Муфи за прачки со дебелина до 16,5 mm(2)<br>- Клеми од метал и внатрешно обложени со плута,опсег 13-40 mm (2)<br>- Метални клеми за 2 бирети (1)<br>- Метален прстен за филтрирање,внатрешен d=60 mm ,вкупна должина 220 mm (3)<br>-Метална маша од нерѓосувачки чели (1)<br>- Пинцета од нерѓосувачки челик со должина 115 mm (3)<br>-Пинцета,права,тапа од нерѓосувачки челик со должина 300 mm (3)<br>- Метален триножник со внатрешен дијаметар 120 mm , висина 210 mm (3)<br>-Метална мрежа за триножник, поцинкувана без азбест 160 mm x 160 mm (3)<br>-Триаголник за жарење за триножник со внатрешен дијаметар 120 mm (1)<br>- Метална штипка за епрувети со макс. дебелина од 30 mm, должина 130 mm (1)<br>- Дрвена штипка за епрувети (10)<br>- Спиртни ламби со капак,со регулатор, капацитет 85 mL (3)<br>- Лабораториски црева на метар должина, проѕирни (10)<br>- Пластични затки за епрувети со внатрешен пречник 13-14 mm (30)<br>- Заштитни лабораториски очила(31)<br>- Лабораториска вага, дигитална,прецизност +-0,1g (1)<br>-Електрично решо со една рингла (2)<br>-Електричен бокал(1)<br>-Кујнска вага (1)<br>- Дигитален термометар со заштитна пластика и проба за инсетирање (1)<br>- Лупа со рачка (5)<br>- Филтерна хартија 125x125 mm(6)<br>-Сет од четки за миење лабораториски инструменти (2)<br>- Безсиликонски вазелин за подмачкување стаклени спојки 100 mL (1)<br>- Боца прскалка од пластика,зафатнина 250 mL (2)<br>- Пластична туба за дестилирана вода од 10 L,градуирана со чеп (1)<br>- Волуметриска тиквичка од 500 mL (1)<br>- Модели на молекули (3)<br>- Заштитни ракавици отпорни на топлина и сеченици (30) | |

| | |
|---|---|
| - Волуметриска тиквичка од 100 mL (1)<br>- Волуметриска тиквичка од 250mL (2)<br>- Лабораториски матил(30) | |
| **физика** | |
| -динамометар 1<br>-електроскоп 1<br>-компас 1<br>-леќи растурни 2<br>-леќи собирни 3<br>-лупа 1<br>-магнетна прачка 1<br>-отпорник со лизгач 1<br>-волтметар 1<br>-амперметар 1<br>-проектор 1<br>-звучна виљушка 1<br>-електрично решо со една рингла 1<br>-коса рамнина со можност за менување агол на наклон,модел за определување на триење на телата 2<br>- челична метална лента-метро 3 m -3<br>-комплет за демонстрации од оптика(замена за Хартлова плоча) 1<br>-вага (со точност+/-0,1g) 1<br>-сет од 8 тегови со вкупна маса од 1000 g 1<br>-сет од 7 тегови со вкупна маса од 500 g и пинцета за пренесување 2<br>- сет од 10 тегови со две куки 1<br>-сет од 7 тегови со една кука со различна маса 1<br>-комплет за електростатика 2<br>-хидротермометри 2<br>-електроскоп 2<br>-електростатска(инфлуентна) машина или ван дер Графов генератор 1<br>-магнет во форма на потковица 2<br>-магнет во форма на прачка 2<br>-магнет во форма на игла со постоље 2<br>-железни струготини 30 g 3<br>-сет од звучни вилушки со разни фрекфенции 1<br>-резонатор вилушка 400 Hz 2 | -држач за проектор<br>-потрошен материјал батерии 1,5 3A,2A; 4,5; 9 волти (количина од сите барем по 5) и 4 алкални со полнач од 1,5 волти), мали сијалички (10) селотејп, ластик, конец, хартија А4 |

| | |
|---|---|
| -осцилоскоп 1<br>-прибор за спроведување топлина(кондукција) 1<br>-модел или вага за демонстрација Архимедов закон 2<br>- сет од 4 коцки за демонстрација специфична тежина 3<br>- сет од 5 цилиндри за демонстрација на специфична тежина 3<br>-мензура од 25 mL 2<br>-мензура од 50 mL 2<br>-мензура од 100 mL2<br>-мензура од 500 mL2<br>-стаклени лабораториски чаши 1000 mL 2<br>- стаклени лабораториски чаши 200 mL 2<br>- стаклени лабораториски чаши 100 mL 2<br>-термометри 3<br>-лупи мали 5<br>-електричен бокал 1<br>-постер со мерни единици во систем 1<br>-демонстратор на Паскалов закон 1<br>-сет од 4 пружини со различна крутост(во било кој опсег од 0,5 N до 14 N) 3<br>-шублер 3<br>-дигитални термометри 3<br>-амперметар 2<br>-волтметар 2<br>-дигитални мултиметри 3<br>-галванометар 1<br>-кабли за поврзување електрично коло, 35 cm 40<br>-кабли за поврзување електрично коло,50 cm 20<br>-сет од 10 адаптери за штипки – крокодилки 3<br>-кутија за демонстрација на намалување или зголемување на отпорноста на колото 3<br>-модел за покажување на работен принцип на ѕвонче 2<br>-модел на единечен прекинувач,ножест 3<br>-модел на двоен прекинувач 3<br>-светилка 6V 5<br>-куќиште за светилка 5<br>-отпорник 4Ω со куќиште и приклучоци за жица 2<br>-отпорник 100 Ω со куќиште и приклучоци за жица 2 | |

| | |
|---|---|
| -модел за електромагнет составен од два калема на Y метален дел 2<br>-динамометри 1 N 2<br>-динамометри 2 N 2<br>-динамометри 10 N 2<br>-динамометри 5 N 2<br>-комплет за демонстрација на промена на хидростатички притисок 1<br>-уред за трансформација на енергија од еден во друг вид 1<br>-сет од различни призми 1<br>- ласерски покажувач, црвен 2<br>-ласерски покажувач, зелен 2<br>-ласерски покажувач, син 2 | |
| **Биологија** | |
| Дигитален микроскоп 3<br>Дигитален термометар 1<br>Лупа со лед светло 5<br>Лупа со зголемување 10x 5<br>Дигитален апарат за мерење крвен притисик 3<br>Папки за изработка на хербариум 3<br>Наочари 3<br>Плутана табла 1<br>Магнетна табла 1<br>Ботаника 10<br>Микроскопски препарати -25 слајдови за зоологија 10<br>Микроскопски препарати -слајдови за бактерии 10<br>Микроскопски препарати -слајдови за хистологија 10<br>Покривни стакленца за користење под микроскоп 5<br>Лабораториски стаклени чаши 10<br>Предметни стакла 5<br>Модел на стебло 1<br>Микропипета со микро волумен од 1000 µl 2<br>Микропипета – макро модел од 2 ml 2<br>Микропипета – макро модел од 2,5 ml 2<br>Микропипета – макро модел од 5 ml 2<br>Микропипета – макро модел од 10 ml 2<br>Сет од 5 пипети 2<br>Епрувети од боросиликатно стакло 15X150 mm 2 | |

| | |
|---|---|
| Епрувети од боросиликатно стакло 16x 160 mm 2<br>Епрувети од боросиликатно стакло 25x 200 mm 2<br>Епрувети со тапа 15x 150 mm 2<br>Епрувети со тапа 20x200 mm 5<br>Држачи за епрувети 2<br>Шпиритна ламба 1<br>Термометри(стаклени,лабораториски) 2<br>Инка стаклена димензии: 30 mm 2<br>Инка стаклена димензии: 40 mm 2<br>Инка стаклена димензии: 50 mm 2<br>Инка стаклена димензии: 60 mm 2<br>Инка стаклена димензии: 75 mm 2<br>Инка стаклена димензии: 90 mm 2<br>Сет за дисекција 3<br>Пинцета Debackey 3<br>Пинцета Dressing 3<br>Скалпел 3<br>Еза (микробиолошка игла) 3<br>Лабораториско шише за перење на гас Капацитет: 100 ml 3<br>Лабораториско шише за перење на гас Капацитет: 150 ml 3<br>Лабораториско шише за перење на гас Капацитет:250 ml 3<br>Лабораториско шише за перење на гас Капацитет: 500 ml 3<br>Петриеви садови со димензии 100x15 mm разделени на 3 дела 10<br>Петриеви садови со димензии 100x15 mm без разделител ,во сет 10<br>Петриеви садови со димензии 100x15 mm без разделител 10<br>Метро лента 5<br>Дигитална вага (кујнска) 1<br>Модел на скелет на човек со крвни садови 1<br>Модел од око 1<br>Модел на кожа 1<br>Модел на растителна клетка 1<br>Модел на дигестивен систем 1<br>Модел на срце 1<br>Модел на репродуктивен систем кај жена 1<br>Модел на репродуктивен систем кај маж 1<br>Модел на респираторен систем кај човек 1 | |

| | |
|---|---|
| Модел на циркулаторен систем кај човек 1<br>Модел со пресек на бубрег 1<br>Модел на анатомија на лист 1<br>Модел на цвет од праска 1<br>Модел на монокотиледони 1<br>Модел на дикотиледони 1<br>Модел на DNA 1<br>Модел на мозок 1<br>Модел на уво 1<br>Череп 1<br>Модел на заб 1<br>Модел на вилица 1<br>Водени препарати 5<br>Модел (јазик,срце,бубрег,бели дробови- по 1 примерок)4<br>Развој на птици 1<br>Свински глисти 1<br>Прибор физиологија 1<br>Модел на човек гипс 1<br>Скелет човек модел 1<br>Цвет 1<br>Папрат 1<br>Микроскоп обичен 1<br>Микроскоп со екран 1<br>Модул човек 1 | |
| **Географија** | |
| -Глобус, Проектор, камера<br>-Карта на Австралија со Океанија<br>-Карта на Азија<br>-Карта на Јужна Америка<br>- Карта на Африка<br>- Карта на Европа<br>- Карта на свет<br>-Карта на Северна Америка<br>- Карта на Македонија<br>- Карта на СФРЈ<br>- Релјефна карта на Македонија | - Индукционен глобус<br>- пластичен голем компас<br>- постер карта на ,,Форма и големина на Земјата,,<br>- држач за проектор<br>- хартија ,лепак,<br>- Карта на Арктик и Антарктик |

| Информатика | |
|---|---|
| Компјутери (куќиште+монитор+тастаура+маус)=19<br>Звучник = 1<br>Телевизор Samsung 1 | Резервни тастатури и мауси<br>Печатач<br>Смарт табла<br>Мрежни картички<br>Кабелско поврзување на секој компјутер на интернет |
| **Математика** | |
| 3 статични компјутери<br>1 електронска табла<br>3 комплети прибор за геометрија<br>Комлет геометриски тела со жици<br>Дрвен комплет геометриски тела<br>Принтер<br>Вага за еднаквост (5)<br>Модел на куб (5)<br>Модел на цело-дропки (5)<br>Вертикален бројач (5)<br>Вртливо тркало со рачка со цела револуција 1 (3)<br>Модели на 3Д форми за определување на плоштина (3)<br>Сет модели на 3Д форми за пресметување волумен (3)<br>Сет за геометрија составен од дрвен шестар,агломер и 2 триаголници (2)<br>Метро лента (5) | 1.ЛЦД – проектор 2.Електронска табла (за кабинетот на наставник Д.Моневска; Причини: кабинетот не располага со никаква функционална ИКТ опрема и Смарт – таблата ќе помогне за реализација на поефикасна настава и ефективно користење на наставното време<br>3.Мултифункционален принтер (скенер, принтер, копир) (за сите 5 наставници на спратот; Причини: наставниците предаваат предмети за кои е многу честа писмената проверка, а работат и по ИОП – и, па е потребно брзо обезбедување оригинални примероци) |

## 2.5.Материјално-финансиско работење на училиште

Материјално финансиското работење во училиштето се спроведува согласно законот за Буџетите и буџетските корисници (Сл.Весник на РМ бр.61/02 до 170/17). Согласно Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници (Сл.весник на РМ БР.28/03 до 101/13) и точка 13 од Упатството за начинот на трезорското работење (Сл.весник на РМ БР.219/18 ). Училиштето води посебно сметководство за буџетските и посебно за

сопствените приходи, според видот на приходите кои се остваруваат во текот на годината и соодветни сметки преку кои се вршат жиралните плаќања( уплат и исплати на тие средства).

Училиштето ги има следите жиро сметки- трезорски:
-903 - Наменска - Сметка на основниот буџет
-787 -Самофинансирачки дејности- сопствена сметка (основен извор на приходи е закупнината од издавање училишен простор, а средствата се користат за подобрување на целокупните услови за работа и учење во училиштето).
785-27-Донаторска сметка
Училиштето формира Комисија за утврдување на материјално-техничките услови и приоритети за набавка и редовно и навремено ги идентификува и планира потребите од материјално- технички средства преку СЕУ (анкети и прашалници), преку индивидуални разговори, увид во постоечката состојба во училиштето, Годишната програма за работа на училиштето и истите ги усогласува со развојниот план на училиштето.

План за материјално-финансиско работење

| **Содржина/активност** | **Носители** | **Време на реализација** |
|---|---|---|
| Изготвување План за јавни набавки | Директор<br>Одговорни за јавни набавки | Јануари |
| Доставување на планот за јавни набавки до Училишниот одбор | Директор | Јануари |
| Разгледување  и донесување одлука за усвојување на Планот за јавни набавки од страна на Училишниот одбор | Училишен одбор | |
| Поставување на планот за јавни набавки на СЈН на Бирото за јавни набавки | Директор<br>Одговорни за јавни набавки | Јануари |
| Спроведување на постапки за јавни набавки | Директор<br>Одговорни за јавни набавки | Во тек на годината |
| Разгледување  и донесување одлука за усвојување на предложени измени во планот за јавни набавки | Училишен одбор | Во тек на годината |

## 3.Подрачје на работа на училиштето

Во основното училиште се реализира Наставниот план и програма за основно образование. Во училиштето е застапена задолжителна настава по сите наставни предмети со предвидениот број на часови според Наставниот план за основно деветгодишно образование. Наставата се изведува на македонски наставен јазик. Во училиштето се изучува англискиот јазик, како прв странски јазик, од прво до деветто одделение, а како втор странски јазик од шесто до деветто одделение се изучуваат францускиот и германскиот јазик.

Со цел подобрување на квалитетот на наставата, укажување на важноста и значењето на здравјето, се спроведува тандем настава по физичко и здравствено образование (тандем часови), за учениците од прво до петто одделение, каде покрај одделенскиот наставник во наставата се вклучува и наставник по физичко и здравствено образование. Преку изборната настава на учениците им се дава можност да ги прошируват и продлабочуваат знаењата и да ги развиваат своите индивидуални способности по одделни наставни предмети. Оваа настава е задолжителна, а ќе ја следат ученици кои се изјаснија по претходно направена анкета. Постапката за изборот на изборните предмети во училиштето се изведува согласно Процедурата за изборни предмети.
Дополнителната и додатната настава се организираат согласно Законот за основно образование и Правилникот за организацијата и начинот на спроведување на дополнителната и додатната настава во основните училишта. Оваа настава ќе се изведува во текот на наставната година со еден час неделно за учениците од II до IX оддление. Акцент во Програмата за работа со надарени ученици се става врз методите и формите на работа кои ќе бидат насочени кон оспособување на учениците за самостојно учење, развивање на критичкото мислење и креативните способности , како и нивно оспособување за користење методи и постапки за доаѓање до нови знаења и решенија за проблемски ситуации.

За успешно спроведување на инклузивното образование и согласно Законот за основно образование член 16 став 2 во училиштето е формиран Училишен инклузивен тим кој креира политика за успешна инклузивна култура и пракса, дава поддршка и насоки на наставниците во процесот на планирање, организација и реализација на воспитно-образовната работа со учениците со посебни образовни потреби и ги детектира потребите на наставниот кадар за професионален развој и оспособување за работа со истите. Учениците со ПОП добиваат поддршка од образовен асистент од ОУРЦ„Иднина“.

Дополнителната поддршка се реализира по предметите кои се дел од наставниот план во учебната година во која е запишан ученикот согласно Програмата за обезбедување на туторство на ученици од основното образование, по претходно добиена писмена согласност од родителот, односно старателот.

За развивање на различни интереси на учениците, основното училиште организира воннаставни активности согласно Законот за основно образование, Концепцијата за деветгодишно образование и Концепцијата за воннаставни активности во основно образование, која на предлог на Бирото ја утврдува министерот.Воннаставните активности кои ги реализира основното училиште, се определуваат со годишната програма за работа на училиштето.

Со Годишната програма за работа на училиштето во учебната 2022/23 година е регулирана активноста: организирање на екскурзии со воспитно-образовен карактер.

Наставниот план за основното образование ги содржи принципите на мултикултурализмот. Во училиштето се организират повеќе наставни и воннаставни проектни активности во кои се вклучени ученици од сите етнички зедници од I до IX одделение, наставници и родители.

Согласно Концепцијата за основно образование училиштето организира проширена програма за прифаќање и згрижување на учениците од прво до петто одделение еден час пред започнување на наставата и еден час по завршување на редованата настава во согласност со родителите.Во нашето училиште повеќе години постои продолжен/дневен престој во кој се опфатени ученици од I до V одд.

Од учебната 2021/22 година во прво и четврто одделение се реализира наставен план и програма согласно Концепцијата за основно образование усвоена во март 2021 година.

Училиштето е верифицирано со акт бр14-1205/1 од 26.02.1986 г.година издаден од Министерството за образование и наука.

# 4. Евалуација на работата на училиштето во претходните четири години

## 4.1. Самоевалуација на училиштето

| Подрачје | Резултати |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | Во училиштето се реализираат, се применувааат наставни планови и програми, се прилагодуваат наставните програми на деца со посебни образовни потреби во посебни услови, се прави избор на изборни наставни предмети, се реализираат проширените програми. Квалитетот на наставните планови и програми се отсликува во родова и етничка рамноправост и мултикултурна сензитивност на наставните програми и учебните помагала. Има интегрирање на карактеристиките и потребите на локалната средина во наставните програми и наставните помагала, како и интегрирање на општите (меѓупредметните) цели во образованието.<br>Влијанието на наставниците и родителите врз наставните планови и програми е отсликано во воннаставните активности со обем и разновидност на планираните и реализираните воннаставни активности, опфатеност на учениците со воннаставните активностии со вклученост на учениците во изборот и планирањето на работата на воннаставните активности.<br>Планирања на наставниците се врши со поддршка и следење на планирањата на наставниците и со размена на искуства и информации при планирањето и распоредот на часови.<br>Наставниот процес се изведува со разновидни наставни форми и методи со соодветен избор на задачи, активности и ресурси и со интеракција меѓу наставниците и учениците. Се обрнува внимание на средината и атмосферата на учењеи со поттикнување на учениците за преземање одговорност преку интеракција на учениците меѓу себе и со возрасните во училиштето.<br><br>Приоритети:<br>✓ Набавка на нови компјутери за реализација на предметот Работа со компјутери и основи на програмирањето во одделенска настава |
| | Училиштето промовира уверување дека постигањата на сите ученици може да се подобрат и организира дополнителна, додатна настава и слободни активности. Стручниот тим (психолог, педагог и дефектолог) во континуитет ги следи учениците со потешкотии во учењето и посебни образовни потреби. Нивните постигањата се вреднуваат согласно индивидуалниот образовен план и поставените цели.<br>Надарените ученици се идентификуваат преку опсервација на наставникот на часот и со посебни |

| | |
|---|---|
| **Постигнувања на учениците** | идентификациони листи. Во училиштето се прават тестирања во форма на интерни натпревари по различни предмети на ниво на генерација. Наставниците редовно ги бележат постигањата на учениците и даваат транспарентна информација на родителите и учениците за оценката со детални препораки за подобрување на постигањата на ученикот.<br>Родителите се поттикнуваат на соработка со наставниците со цел следење на напредокот и редовноста на учениците. Се води евиденција за постигањата, редовноста и поведението на секој ученик/ученичка во електронскиот дневник, евидентните листови на секое тримесечие и свидетелствата. Во евиденцијата се внесуваат и податоци за учество на ученикот во воннставни активности во училиштето.<br>Личните постигања на учениците се промовираат преку соработка со јавните гласила, културни установи, учество на литературни читања, ликовни изложби, натпревари, музички настапи. На крајот на секоја учебна година се организира свеченост на која се промовираат учениците кои постигнале високи резултати на натпревари и нивните наставници ментори.<br><br>Приоритети:<br>✓ Планирање активности за поддршка на наставниците при оценување на постигањата на учениците со посебни образовни потреби |
| **Учење и настава** | Училиштето им обезбедува поддршка на наставниците за вградување на целите од интегрираното образование, меѓуетничките како и еколошките содржини во планирањата на наставниците. Наставниците изготвуваат годишни, тематски и оперативни планови, како и индивидуални планови за деца ПОП во зависност од нивните способности и во консултација со инклузивниот тим и стручните соработници, како и диференцирани цели во самите оперативни планови за децата со потешкотии во учењето.<br>Покрај редовната настава, наставниците редовно ја планираат и додатната и дополнителната настава, како и воннаставните активности и уредно ги документираат доказите од истата. Исто така, наставниците планираат и задаваат домашни задачи согласно даденото упатство од страна на БРО.<br>Наставниците континуирано стручно се усовршуваат и изготвуваат личен план за професионален развој поткрепен со извештаи и докази. За реализација на наставната програма наставниците применуваат разновидни наставни форми, методи и техники на учење и поучување со цел активно учество на учениците во процесот на стекнување знаења, развивање критичко мислење, вештини за соработка и комуникација и примена на стекнатите знаења во секојдневниот живот. При користењето на овие форми на оценување се почитуваат индивидуалните разлики и способности на учениците, на истите им се овозможува да ги подобрат своите постигања, а наставниците добиваат можност за согледување на евентуалните пропусти и подобрување на идните планирања и реализација на воспитно-образовниот процес.<br>Наставниците редовно прибираат информации за постигањата на учениците и даваат |

| | |
|---|---|
| | транспарентни информации на родителите и учениците за оценката со препораки за подобрување на постигањата на учениците. За напредокот и постигнатите резултати учениците се информираат од одделенските раководители и предметните наставници писмено и усмено, а родителите добиваат известување при индивидуални и општи родителски средби, увидот во ученичкото портфолио како и по електронски пат (Е дневник) и СМС пораки.<br><br>Приоритети:<br><br>✓ Опремување на сите училници во училиштето со смарт табли<br>✓ Воведување на современа образовна асистивна технологија во работата со учениците со попреченост и подготовка на наставниот кадар за примена на истата |
| **Поддршка на учениците** | Училиштето има пропишани мерки и активности за безбедност на учениците во текот на наставата во училишната зграда и училишниот двор и истите ги реализира според планираното. Дел од наставниците се сертифицирани за давање прва помош при несреќни случаи во училиштето. Исто така, има и интерен правилник за заштита од пожари, експлозии, опасни материи и други елементарни непогоди како и за спасување на луѓето и имотот. Во училиштето се забранува секаков облик на насилство манифестиран од страна на возрасните и учениците. Изготвен е Акционен план за превенција од насилство, протокол на постапките при насилство како и кодекси на однесување на вработените и учениците и куќен ред на училиштето и истите се достапни за сите.<br>Училиштето соработува со Првата детска амбасада-Меѓаши и е вклучено во проектот„ Зајакнување на детските капацитети за превенција од насилство и Мировно образование Училиштето ја промовира Конвенцијата за правата на децата и организира разни активности за унапредување на детските права и спречување на појавите на насилство.<br>Учениците во училиштето добиваат топол оброк и ужина за чии квалитет се води посебна грижа со тоа што редовно (повеќе пати во едно полугодие) примероци од храната се испитува во надлежна институција, а и комисија од Совет на родители ја следи работата на училишната кујна.<br>Училиштето има обезбедено пристап за деца со телесни пречки во развојот, но само на еден спореден влез.<br>Во училиштето се води грижа за обезбедување на прибор за работа за учениците од социјално загрозените семејства, обезбедување на бесплатен топол оброк и бесплатни посети на екскурзии, музеи, театри и слично. Во соработка со локалната заедница – општина Гази Баба за истите ученици се води грижа преку соработка со Центарот за социјална работа, СОС Детското село- Македонија – ресурсен центар и други невладини организации.<br>Училиштето врши следење на систематските и стоматолошките прегледи и редовното вакцинирање на учениците. Училиштето има изготвена програма за работа со ученици со емоционални потешкотии, при што се води грижа за социо културниот статус на семејствата, ситуациии на појава на болест во семејството, отсуство на еден од родителите, социјална негрижа... Училиштето континуирано |

| | |
|---|---|
| | води евиденција за поведението на учениците, нивната редовност и успех и истата се користи за подобрување на нивните постигнувања.<br>Ваквите информации редовно им се достапни на сите наставници, родители и ученици.<br><br>Приоритети:<br>✓ Спроведување активности за заштита и унапредување на здравјето кај учениците<br>✓ Опремување на училишниот двор со урбана опрема и спортски реквизити |
| **Клима во училиштето** | Согласно ресурсите со кои располага, материјално технички, финансиски, а особено човечките ресурси училиштето има изградено углед кој е препознатлив по квалитетот на работа и постигањата на учениците на ниво на: општина, регион, држава како и на меѓународно ниво.<br>Училиштето води посебно грижа за остварување на својата мисија и визија, како и за здравјето и безбедноста на учениците. Постои меѓусебно почитување меѓу сите структури во училиштето. Наставниците преку меѓусебна професионална соработка, како и соработка со раководниот кадар и стручните соработници ја одржуваат позитивната училишна клима и атмосфера која делува поттикнувачки и на учениците и родителите. Однесувањето на вработените и учениците е соодветно на пропишаните принципи во Кодексот на однесување на училиштето. Во случаи на непочитување на правилата на однесување се постапува соодветно Правилникот за изрекување педагошки мерки, пропишан со Законот за основно образование и Интерниот правилник на училиштето. Ученичката заедница, односно Ученичкиот парламент на училиштето која ја сочинуваат претставници на ученичките заедници на паралелките работи согласно програмата за работа и се состанува секој месец и по барање на мнозинството ученици или Ученичкиот правобранител.<br>Учениците имаат можност да ги изразат своите креативни потенцијали во наставните и воннаставнии активности.<br>Училиштето посветува особено внимание на личните постигањата на учениците и тоа им го овозможува, како преку редовната настава, така и преку воннаставните активности. Во училиштето на транспарентен начин се избира првенец на генерација. Изборот на „ првенец “е комисиски при што се почитуваат принципите на правичност.<br>Училиштето креира политика за поттикнување на наставниците и учениците за што поголемо учество на натпревари на локално, регионално и државно ниво и за тоа има развиен систем на наградување на учениците и нивните ментори.<br>Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција, традицијата на другите етнички заедници во Македонија. Преку разновидни активности, а посебно преку активностите од проектот за “Меѓуетничка интеграција во образованието “учениците имаат можност да се запознаваат и да ги почитуваат традициите и културите на сите луѓе во Македонија.<br>Училиштето е отворено за соработка и со локалната заедница со стопанските организации во неа, како и со невладиниот сектори таа соработка е заемна. Во рамките на своите можности локалната |

| | |
|---|---|
| | заедница и бизнис секторот помагаат за одвивање на севкупната воспитно -образовна дејност на училиштето.<br><br>Приоритети:<br><br>✓ Спроведување активности за поттикнување ненасилна училишна култура<br>✓ Поттикнување и унапредување на граѓанскиот активизам, волонтерството и вклучување на учениците во активности на заедницата |
| **Ресурси** | Училиштето располага со задоволителен број на просторни капацитети, кои се максимално искористени. Училиштето е опремено со современи аудио визуелни средства и помагала и ИКТ опрема, а училниците со современа технологија (интерактивни табли, LCD проектор, телевизори, DVD плеери, скенери, фотокопир...). Постојните нагледни средства и опрема се во функција и оптимално се користат и се планираат и обезбедувааат средства за нивно континуирано одржување. Училиштето континуирано интервенира и обезбедува средства за подобрување на инфраструктурата на училиштето и има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата.<br>Училишната библиотека располага со книжен фонд кој ги задоволува потребите на наставниците и учениците. Наставните средства и материјали континуирано се обновуваат согласно финансиските можности на училиштето.<br>Наставниците, стручните соработници и директорот учествуваат во обуки, конференции и семинари, а потоа по пат на дисеминација го пренесуваат стекнатото знаење на колегите.<br>Финансиското работење на училиштето се одвива според законските норми и за него се информирани сите вработени, родители и локалната заедница. Со финансиските средства со кои располага училиштето, се постапува така да се постигне оптимално задоволување на потребите, почитувајќи го приоритетот. Се вложува максимум во подобрување на условите за работа, се преземаат активности за одржување, подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето.<br><br>Приоритети:<br><br>✓ Подобрување на опременоста на училиштето (набавка на нови училишни клупи и столчиња)<br>✓ Прилагодување на училишниот простор за движење и функционирање на учениците со телесни пречки во развојот |
| | Органот на управување (Училишниот одбор) има воспоставено партнерски однос со Раководниот орган на училиштето. Членовите на Училишниот одбор имаат јасна претстава за добрите и слабите страни на училиштето и даваат целосна поддршка на раководниот орган.<br>Раководниот орган има стратешка определба заснована врз јасна визија што ги содржи гледиштата и потребите на сите вклучени страни во животот на училиштето. Раководниот орган своето работење во |

| | |
|---|---|
| **Раководење, управување и креирање политики** | најголем дел го заснова на тимска работа, меѓусебна почит и соработка и секогаш е достапен за помош, совет и давање информации за сите субјекти, знае како објективно да ги оцени квалитетите на вработените и нивниот придонес во тимската работа и како да ја промовира добрата практика што постои во училиштето. Донесува одговорни одлуки. Има изградено личен кредибилитет и професионален однос кон работата што се заснова врз најнови знаења и вештини, вклучувајќи и способност ефективно да делегира, комуницира и раководи со вработените и нивниот развој. Иницира и успешно раководи со промените во образовниот систем. Идентификува и се фокусира на јасни приоритети идентификувани во развојниот план преку ефективна самоевалуација, а во центарот на своето работење ги става постигањата на учениците и подобрувањето на училиштето како и тимската работа. Воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Раководниот орган редовно ги прати промените во воспитно-образовниот систем и истите според можностите ги применува.<br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и максимизирање на постигањата на сите ученици. Вработените, родителите и учениците активно учествуваат во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивното остварување и подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (кадарот, наставниците, учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Постигнатите цели имаат позитивно влијание на работата на училиштето. Вработените активно учествуваат во креирањето и во ажурирањето на стратегиите за остварување на целите. Училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците кои секогаш наоѓаат место онаму каде што се најпотребни. Целите се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето и при нивното поставување се вклучени наставниците, родителите, учениците и претставниците од локалната заедница. Училиштето има акциски планови за поставените цели, доследно ги спроведува и има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и постигање на поставените индикатори за успешност.<br>Училиштето има воспоставено соработка со локалната самоуправа и заедницата во однос на подобрувањето на инфраструктурата. Училиштето вложува максимум во подобрување на условите за работа, обезбедувајќи средства според потребите, превзема активности за одржување, подобрување и осовременување на инфраструктурата на училиштето.<br><br>Приоритети:<br>✓ Зголемување на соработка на УО со другите субјекти вклучени во воспитно-образовниот процес<br>✓ Поголема соработка со бизнис секторот за обезбедување донации за потребите на училиштето |

## 4.2.Интегрална евалуација на работата на училиштето

| Подрачје | Согледувања |
|---|---|
| **Наставни планови и програми** | Применуваните наставни планови и програми се во согласност со донесните програмски документи од МОН и БРО. Реализацијата на насдтавните планови и програми е во пропишаниот обем и обезбедува постигнување на целите од коцепциите за основно образование.<br>Постапката за определување на изборни предмети за учениците се применува во целост, со доследно почитување на потребите и барањата на учениците при што изборот се врши преку понудени повеќе изборни предмети со спроведување анкети за ученици и родители.<br>Училиштето спроведува постапка на проширена програма од I – III одделение.<br>Во училиштето има ученици со ПОП за што има формирано Инклузивен тим составен од 6 члена (стручни соработници, наставници и родител). За овие ученици се изготвува Индивидуален образовен план во чија изработка учествува училишниот дефектолог кој потоа ја следи нивната реализација.<br>Во училиштето се организира и реализира дневен престој на учениците врз основа на изготвен план и програма.<br>Во годишната програма е застапен мултикултурализмот кој е интегриран во голем број воннаставни активности и теми кои се разработуваат на часовите.<br>Постојат добри примери на соодветно вградени особености на локалната средина во поставените цели во наставните програми, како и во содржините и активностите за негување на меѓуетничката интеграција во образованието.<br>Училиштето планира и реализира разновидни воннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците и служат за подршка на нивниот личен и социјален развој. Постои родова, етничка и социјална рамноправност при вклучување на учениците во активностите и се обезбедуваат услови и се вклучуваат и учениците со ПОП. Групите се хетерогени и обезбедуваат меѓуетничка интеграција во образованието и градење на соживот.<br>Учениците, со помош и подршка на училиштето и од наставниците, учествуваат во различни манифестации и натпревари од различни области што се организираат на општинско, регионално, државно и меѓународно ниво.<br>За развивање и унапредување на спортските активности на учениците, училиштето има основано Училишен спортски клуб – „Стив Наумов“ - Скопје<br>За афирмирање на овие активности училиштето користи различни медиуми. |

| | |
|---|---|
| **Постигнувања на учениците** | Податоците за постигнувањата на учениците, училиштето ги прибира, користи и анализира според пол и етничка припадност по сите наставни предмети при што особено се обрнува внимание при премин од еден во друг циклус.<br>Училиштето има систем за идентификација и подршка на  учениците со потешкотии во учењето, ученици со емоционални потешкотии и надарените ученици при што презема мерки и активности за подобрување и проширување на  знаењата за што редовно ги информира родителите. За постигнување на подобри резултати училиштето реализира додатна и дополнителна настава.<br>Средниот успех на учениците во училиштето во претходните учебни години изнесува:<br>– 2015/2016 година – 4,43<br>– 2016/2017 година – 4,47<br>– 2017/2018 година – 4,56<br>Средниот успех во последните три години изнесува 4,49<br>Во последните три учебни години учениците учествувале на натпревари на општинско, регионално, дрѓавно и меѓународно ниво при што ги имаат освоено следните награди:<br>• 2015/2016 година<br>– 22 награди на општински натпревари<br>– 22 награди на регионални натпревари<br>– 2 награди на државни натпревари<br>– 1 награда на меѓународен натпревар<br>• 2016/2017 година<br>– 47 награди на општински натпревари<br>– 33 награди на регионални натпревари<br>– 8 награди на државни натпревари<br>• 2017/2018 година<br>– 42 награди на општински натпревари<br>– 28 награди на регионални натпревари<br>– 4 награди на државни натпревари<br>За високите постигнувања на учениците добиени се голем број пофалници, дипломи, медали и пехари.<br>Училиштето има развиен систем и во континуитет организира заеднички активности со партнер училиштето „25 Мај“ - Скопје<br>Училиштето обезбедува услови за запишување на сите ученици од реонот, вклучувајќи и услови за запишување деца со ПОП и има воспоставено систем за прибирање податоци за опфат на учениците при премин од основно во средно училиште.<br>Систематски се следи редовноста на учениците, се анализираат причините за отсуство и се преземаат конкретни активности. Просечниот број на изостаноци по учебна година изнесува: |

| | |
|---|---|
| | 2015/2016 година 18 оправдани и 2 неоправдани, во 2016/2017 година 20 оправдани и 12 неоправдани и во 2017/2018 година 22 оправдани и 1 неоправдан по ученик. Сите ученици имаат примерно поведение освен во учебната 2017/2018 година кога еден ученик ја заврши годината со добро поведение за што постои документација за изречена педагошка мерка.<br>Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго.<br>Во последните три учебни години нема ученици кои ја повторувале учебната година. |
| **Учење и настава** | Подршката и следењето на планирањата на наставниците од страна на стручните соработници и директорот е континуирана. За реализација на наставните програми наставниците изработуваат годишни, тематски и оперативни планови за реализирање на наставниот час кои ги содржат неопходните елементи.<br>Во рамките на трите стручни активи во соработка со стручните соработници и инклузивниот тим континуирано се разменуваат искуства  и примери на добра практика.<br>Распоредот на часови (за предметна и одделенска настава) како и распоредот за додатна и дополнителна настава е навремено изготвен според потребите на учениците и расположивите капацитети.<br>При реализација на наставниот процес се води сметка за индивидуалните образовни потреби на учениците при што наставниците рамноправно ги вклучуваат учениците без разлика на нивниот пол, социјално потекло, етничка или религиска припадност. Во наставниот процес наставниците користат разновидни наставни форми и методи на работа кои се соодветни напотребите на учениците и нивните стилови на учење. Од извршени посети на час се воочува работна атмосфера при што наставникот се однесува на начин кој промовира прифаќање, почитување, помош, соработка, толеранција, разбирање и доверба.<br>За реализација на наствата со примена на ИКТ училиштето располага со 17 компјутери, 270 мали лап топи, 17 ЛЦД проектори, 4 смарт табли и 4 МИМИО уреди.<br>Училиштето е вклучено во проектот „Интеграција на еколошкото образование во македонскиот образовен систем„ и сите наставници во планирањата имаат интегрирани еколошки содржини.<br>Во училиштето се земаат во предвид идеите на учениците за подобрување на процесот на учење и тие активно учествуваат во севкупното работење на училиштето.<br>Оценувањето на учениците е транспарентно, континуирано со примена на критериумите и стандардите за оценување со кои се запознаени учениците и родителите.<br>Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците на неформални и формални средби. За остварување на поуспешна соработка со родителите определени се приемни денови по определен распоред кој е истакнат на видни места во училиштето. |
| | Училишниот простор е безбеден за настава, а просторот, целокупниот инвентар во училиштето и учениците се осигурани. Постојат пропишани мерки и активности за безбедноста на учениците во текот на наставата во училишната зграда и во училишниот двор, има училиштето и ги реализира |

| | |
|---|---|
| **Поддршка на учениците** | според планираното. Во училиштето има донесен Куќен ред, Кодекс на однесување и Кодекс на облекување на сите структури. Во училиштето нема насилство а вработените се грижат за приватноста, правата и достоинството на децата. Учениците и родителите се информирани оood страна на училиштето со правата и процедурите за поднесување поплаки за насилство. Во училиштето постои политика за забрана за пушење, консумирање алкохол и дистрибуција и консумирање на наркотични средства.<br>Во училиштето има организирана исхрана за учениците од страна на „ВИМ-Д-КОМПАНИ“ за учениците од I – V одделение топол оброк и најмалку два пати во полугодие се врши испитување на квалитетот на храната.<br>Хигиената во училиштето е на многу добро ниво и постои програма за заштита од заразни болести. Континуирано се организираат систематски прегледи за учениците и вработените.<br>Учениците се редовно и навреме информирани за можностите за понатамошно образование спроведувајќи презентации за професионална ориjентација.<br>Наставниците водат целосна и уредна евиденција за постигнувањата, редовноста, поведението на сите ученици, како и за нивниот интелектуален, социјален и емоционален развој и редовно ги информираат родителите.<br>Постои ефективна соработка меѓу раководниот кадар, стручната служба, одделенските раководители, предметните наставници и родителите за постигнувањата на учениците.<br>Наставниците подготвуваат редовни извештаи и анализи по квартали според паралелки и истите се доставуваат на увид до стручната служба и се целосно достапни за другите наставници, учениците и родителите. |
| **Клима во училиштето** | Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Во училиштето владеат позитивни меѓучовечки односи. Учениците и вработените се идентификуваат со училиштето, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.<br>Училиштето води политика на заемно почитување и вклученост на сите наставници и вработени што учествуваат во училишниот живот. Раководниот и наставничкиот кадар играат клучна улога во одржувањето на постојано потикнувачка атмосфера во училиштето, што се гледа во нивното однесување со учениците, другите вработени, родителите и посетителите на училиштето. Учениците се чувствуваат безбедни и прифатени од возрасните и од другите ученици во училиштето.<br>Учениците се совесни, учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставничкиот кадар.. Правилникот за изрекување педагошки мерки училиштето соодветно го применува.<br>Училиштето има формирано ученичка заедница , со програма за работа и за реализација на истата добива подршка од училиштето.<br>Училиштето обрнува особен акцент на постигнувањата на сите ученици. Сите наставници успешно го користат пофалувањето како начин на мотивирање. Училиштето има изградено систем на |

| | |
|---|---|
| | вредности и начин на промовирање на личните постигнувања на сите ученици во рамки на училиштето.<br>Училиштето води политика на потикнување на наставниците и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари и има развиен систем за наградување на истите. Училиштето ги потикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Училиштето води политика на позитивно вреднување и промовирање на родовата, етничката, културната, верската и јазичната разновидност во училиштето и во заедницата, и нивно заемно прифаќање.<br>Училиштето користи методи за комуникација со родителите преку организрање индивидуални, заеднички родителски средби, како и отворени денови за посета кај сите наставници и има пропишани процедури за избор во УО.<br>Во животот на локалната заедница училиштето е активно вклучено преку спроведување заеднички проекти и организирање и учество на настани од интерес на заедницата. |
| **Ресурси** | Училишниот простор ги исполнува условите за изведување настава според Нормативот. Училиштето располага со училишен двор од 10.000 $m^2$, и со спортски терени и игралишта со површина од 500 $m^2$ и една фискултурна сала од 270 $m^2$. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците.<br>Опременоста со нагледни средства по наставни предмети е добра. Училиштето располага со стручна литература и наставни средства и помагала по сите наставни предмети. Училиштето ги утврдува потребите за наставни средства и помагала, вклучувајќи книги, аудиовизуелна ИКТ опрема и истите континуирано ги обновува за да соодветствуваат на современите наставни текови за реализирање на воспитнообразовниот процес согласно планираните ресурси. Наставниците и учениците знаат кои наставни средства и материјали им се на располагање и ефективно и ефикасно ги користат во наставата и во учењето. Наставниците и учениците имаат пристап до интернет. Училишната библиотека располага со 16.500 книжен фонд. При издавање се води електронска евиденција, како и евиденција за оштетеноста и потребата од нови изданија. Библиотекарот успешно го води проектот бесплатни учебници. Училиштето планира и навремено обезбедува потрошен материјал во потребното количество за реализацијана наставните и воннаставните активности согласно планот на училиштето.<br>Воспитно-образовниот процес се реализира од страна на соодветен наставен кадар. Работата на наставниот кадар соодветно е подржана од страна на стручната служба и административно-техничкиот персонал.Училиштето има пропишана процедура за реализација на приправничкиот стаж за наставник приправник. Стручната служба (педагог, психолог, дефектолог и библиотекар) во својата програма планира и спроведува разновидни активности со учениците и наставниците и секогаш е отворена за соработка. |

| | |
|---|---|
| | Училиштето ги детектира потребите на наставниците за професионален развој имајќи ги предвид професионалните компетенции за наставниците. Наставничкиот кадар и стручната служба имаат ажурирани професионални досиеја.<br>Раководниот орган училишниот буџет добро го планира. Постапките за финансиско работење што ги спроведува училиштето се во согласност со законските норми. Училиштето ги информира органите и телата во училиштето за училишниот буџет и трошењето. |
| **Раководење, управување и креирање политики** | Училишниот одбор е конституиран во согласност со законската регулативаи и статутот на училиштето. Работата на УО е јасно дефинирана со деловник за работа и редовно обезбедува сеопфатни информации за својата работа. УО има воспоставено партнерски однос со раководниот орган на училиштето и другите образовни структури.<br>Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и локалната образовна политика. Целите се прецизни и јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и унапредување на постигнувањата на сите ученици. Во креирањето на целите, начелата и вредностите на училиштето многу добро се вклучени вработените, а вклушеноста на  родителите и на учениците делумно задоволува. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на целите, а постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето.<br>Училиштето има пропишани процедури за донесување на училишни политики и програми.<br>Целите во програмата за развој се прецизни, јасни и ги отсликуваат мисијата, визијата и вредностите на училиштето. Училиштето има план за следење и евалуација на реализацијата на активностите и остварување на поставените индикатори за успешност. Училиштето ги информира наставниците за поставените цели, динамиката за нивно реализирање и постигнатите резултати.<br>Раководниот континуирано го следи воспитно-образовниот процес во училиштето и постигнувањата на учениците, односно работи согласно изготвената програма за работа. Носи одлуки согласно закон во интерес на наставата и сите учесници вклучени во воспитно-образовната работа. Работи тимски со вклучување на вработените. Раководниот орган на училиштето го подржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓетничката интеграција во образованието. Директорот во својот период на раководење има преземено активности кои значително придонеле за подобрување на условите за работа во училиштето, високи постигања на учениците и наставниците во воспитно-образовниот процес. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на целите, а постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето. |

## 5.Фактори кои влијат на развојот на основното училиште (СВОТ анализа)

Училиштето се наоѓа во источниот дел на градот Скопје, во населба Автокоманда во чија близина има градинка, здравствена институција – амбуланта Автокоманда, општа болница Ре-медика, станбени згради и куќи. Исто така во населбата се наоѓа општината Гази Баба. Во рамките на УКИМ во непосредна близина на училиштето се наоѓаат Природно-математички факултет, Факултетот за земјоделски науки и храна, Шумарски факултет и Факултетот за ветеринарна медицина. Во населбата се наоѓа новиот шопинг мол "Ист Геит" во чија близина во изградба е нов комплекс на станбени згради. Во близина на училиштето има средни училишта и други културни и стопански објекти. Исто така училиштето е во непосредна близина на парк шума-Гази Баба. Учениците од нашето училиште живеат во урбаните заедници „Автокоманда", „Керамидница" и „Триангла".

Училиштето остварува добра взаемна соработка со локалната самоуправа, градинката која е во непосредна близина на училиштето и останатите основни и средни училишта од општината. Училиштето учествува во културни и образовни активности што се реализираат во локалната средина, одбележување празници како што се „Ден на општината", Ден на екологија", Ден на планетата Земја", манифестации за доделување награди на талентирани ученици и првенци на генерации, победници на спортски натпревари. Локалната заедница учествува во подобрувањето на условите за работа кои придонесуваат за повисок квалитет во воспитно-образовната работа. Секоја година се организираат ликовни и литературни конкурси и спортски натпревари за училиштата од нашата општина со што се зајакнува соработката, се создава позитивен натпреварувачки дух и меѓусебното дружење на учениците.

Соработката со основните училишта е во рамки на активности од наставата и воннаставните активности, при одбележување значајни датуми, Ден на училиштата, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско – рекреативен и забавен карактер. Училиштето соработува со партнер училиштето ООУ„25 Мај" населба Ченто која се остварува преку активности за заедничко промоворење на културното наследство преку посети на културни и образовни манифестации, празници, изложби и еколошки акции. Соработката со средните училишта се остварува преку културно-образовни активности и посети на отворени денови во рамки на професионално информирање и ориентирање на учениците. Соработката со Природно – математичкиот факултет е преку учество на натпревари од областа на природните

науки и математика. Посета на музеј во рамки на Институтот за етнологија и антропологија. Посета на ботаничка градина во рамки на Природно – математичкиот факултет и Факултетот за Земјоделски науки и храна.

Во изминатите четири години бројот на запишани ученици не покажува големи отстапувања и се движи од 830 до 860.

Превентивните активности околу грижата за здравјето на учениците се реализираат во договорени термини во соработка со ЈЗУ – Школска медицина – Автокоманда и Поликлиника Ченто, како и стоматолошка ординација ЈЗУ Автокоманда. Училиштето соработува со спортските клубови во рамки на општината како што се ракометен клуб„Металург“, одбојкарски клуб„Автокоманда“ со цел унапредување на здравјето на учениците и стекнување позитивни навики за користење на слободното време. Училиштето остварува соработка со Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба, СОС Детско село Македонија со кои се планираат и организираат заеднички акции од хуманитарен карактер. Со цел грижа за безбедноста во сообраќајот и за време на престојот во училиште постои постојана соработка со Полициската станица  Автокоманада. Училиштето соработува со ОУРЦ„Иднина“ со цел поддршка на учениците со ПОП и унапредување на инклузивната пракса во училиштето.

**Национални стандарди кои влијаат на развојот на училиштето**

Училиштето работи според законот за основно образование според кој основното образование трае девет години и е задолжително и бесплатно за сите ученици на возраст од 6-14 години. На национално ниво училиштето соработува МОН, БРО, ДПИ, ДИЦ, МТСП, Државен завод за статистика, Завод за ментално здравје на деца и младинци, Првата детска амбасада во светот Меѓаши, Црвен крст на Македонија, телевизиски и издавачки куќи, радио и печатени медиуми.

Со новите измени на образовниот систем во образовниот систем изготвен е стратешки документ Сеопфатна стратегија за образованието 2018/2025 со која се опфаќаат:

-Развивање и воведување на национален стандард за основно образование со јасно определени излезни резултати и со посебно внимание на инклузивноста,мултикултурализмот,почитување на разликите (во смисла на родот,етничката припадност,верата,јазикот,социјалниот статус,инелектуалните и физичките способности),прават на децата и демократска култура.

-Ревидирање на наставниот план за сите одделенија и наставните програми во согласност со Националниот стандард и негово постепено воведување.

-Зајакнување на статутот и подобрување на содржината на изборните предмети и вonnаставните активности според слободен избор на учениците.
-Ревидирање на учебниците каде е застапена родова еднаквост,мултикултурализам,почитување на разликите и демократските вредности.
-Подобрување на условите и капацитетите на училиштето за инклузивно образование за децата од маргинализираните групи.
-Воспоставување систем за наменско искористување на средствата од блок дотациите од страна на општините и училиштето за цели на инклузија.
-Воведување механизам за финансиска пддршка на училиштето со цел спроведување на активности за меѓуетничка инеграција.
-Оптимизирање на бројот на ученици при формирање нови паралелки во прво одделение.
-Воспоставување унифицирана електронска платформа за предавање,учење и методолошки ресурси со обезбедување на соодветен софтвер во училиштето.
-Иницијална обука на наставниците и стручните соработници  во согласност со професионалните стандарди.
-Зајакнување на системот за поддршка,следење и менторство на наставниците приправници и специјалистите од стручните соработници кои се приправници.
-Развивање на нови институционализирани форми за зајакнување на компетенциите на наставниците кои доаѓаат од педагошките факултети,како и за стекнување на компетенции за предавање на оние профили кои завршиле ненаставни студиски програми.
-Примена на системот за напредување во кариерата во занимањето(наставник/стручен соработник, ментор, /стручен соработник-советник)
-Ревидирање на системот за издавање лиценци за дирекотори
Од учебната 2019/2020 сукцесивно се воведува тандемска настава по физичко и здравствено образование во основните училишта, почнувајќи од прво одделение. Наставата ја реализира предметен наставник по физичко и здравствено образование во тандем со одделенски наставник.
Во рамките на МИОА, училиштето евидентира податоци за човечки ресурси во апликацијата HRMIS. Државниот завод за статистика секоја година прибира податоци во согласност со нивната Програма за статистички истражувања. Со овие истражувања се добиваат податоци за нашето училиште за почетокот и крајот на учебната година.

Во 2019 година нашата држава учествување во тестирање ТИМСС – 2019, Меѓународна студија по математика и природната група предмети, која ги мери знаењата и способностите на учениците од овие области. Во реализација на Државниот испитен центар, од нашето училиште целна група беа учениците од петто одделение.
Според концепцијата за воннаставни активности во основното образование утврдена од министерот во март 2020 година при планирањето, организирањето и спроведувањето на воннаставните активности во училиштето треба да се има предвид дека нивната основна цел е да овозможат стекнување на знаења, вештини и вредности/ставови според Националните стандарди за основно образование со посебен акцент во следните подрачја за соодветниот возрасен циклус на учениците: личен и социјален развој, демократска култура, мултикултура и граѓанство, уметничко изразување и култура, претприемништво и финансиска писменост, водејќи се од следните принципи:
-Да придонесуваат за когнитивниот,социо-емоционалниот и психомоторниот развој на учениците
-Да се инклузивни и недискриминативни
-Да развиваат интеркултурни компетенции кај учениците
-Да ја поттикнат соработката на училиштето со родителите и со локалната заедница.
Во јуни 2020 година донесена е концепција за државно тестирање за подобрување на квалитетот и ефикасноста на образованието согласно современите светски образовни стандарди. Основна цел на државното тестирање е со користење стандардизирани процедури и инструменти, да даде објективни и веродостојни податоци за остварувањето на стандардите на постигањата на учениците за наставни подрачја и наставни предмети од особена важност во текот на основното образование.
Во учебната 2021/22 во нашето училиште се спроведе државно тестирање за учениците од трето одделение по предметите македонски јазик и математика.
Во јули 2020 година од МОН предложен е Концепт за развивање на образованието од далечина во основното и средното образование. Воспоставувањето на националната платформа како основа на системот на образование од далечина, платформата и сите нејзини функционалности ќе се користат во секојдневната работа на училиштата, во комбинирањето на редовната работа со е-содржини во нудење на различни извори и пристапи на учење, во проверувањето на постигањата на учениците, како и следењето и вреднувањето на образовниот процес. Една од поставените цели во Стратегијата е интензивирање на примената на ИКТ во образованието преку воспоставување на портал за е-учење и систем за управување со учењето, континуирана обука на кадарот за користење нови технологии и ИКТ алатки во образованието,како и градење систем за обновување на

компјутерската опрема и обезбедување на услови за ефикасно одржување на компјутерската опрема и компјутерските мрежи.
Со концепцијата за инклузивно образование донесена од министерот во јули 2020 година дадени се насоки за вклучување, развој и образование на учениците со посебни образовни потреби.

**Меѓународни фактори кои влијаат на развојот на училиштето**
Училиштето соработува со меѓународни институции во реализирање на заеднички проекти и активности кои позитивно влијаат на подобрување на воспитно-образовниот процес. Во рамките на постоечките проекти училиштето соработува со претставништвата на УНИЦЕФ, УСАИД во нашата држава со British Council, Erazmus, eTwining, Goethe Institut. Училиштето активно ги следи и учествува на распишани меѓународни конкурси.
Во периодот април-мај 2021 година нашето училиште беше вклучено во меѓународната студија ПИРЛС чија основна цел е проверка на оспособеноста на учениците од четврто одделение за читање со разбирање.

## СВОТ анализа

| Предности (силни страни) на основното училиште | Слабости (слаби страни) на основното училиште |
|---|---|
| ✓ Училиштето креира политики за воспоставување позитивна инклузивна култура и пракса<br>✓ Училиштето се афирмира преку учество во ТВ емисии, веб страна, училишен весник, промотивни флаери<br>✓ Во училиштето се формирани „Клуб за едукација и превенција„ и „Клуб за учење и дружење“ во рамки на кои се реализираат воннаставни активности од едукативен, рекреативен и хуманитарен карактер<br>✓ Училиштето има воспоставен систем за планирање и реализирање на професионален развој на наставниот кадар<br>✓ Во училиштето успешно се практикува хоризонталното и | ✓ Недоволна соработката со локалната заедница и бизнис секторот<br>✓ Недостаток на компјутери за реализација на наставата од прво до петто одделение<br>✓ Нестабилна и непостојана интернет конекција<br>✓ Несоодветен кабинет за реализација на наставата по информатика<br>✓ Вертикална и хоризонтална неприлагоденост за движење на ученици со телесна попреченост |

| | |
|---|---|
| вертикално учење меѓу воспитно-образовниот кадар<br>✓ Училиштето гради демократска клима преку поттикнување активно учество на учениците во училишниот живот и поддржување на нивните иницијативи<br>✓ Континуирано се подобруваат материјално-техничките услови за работа и учење<br>✓ Вклученост на родителите /старателите во процесот на учење и вонnаставните активности | ✓ Недостаток на дополнителен простор за одржување на часовите по физичко и здравствено образование<br>✓ Недостаток на урбана опрема и спортски реквизити во училишниот двор |
| **Можности (прилики) што произлегуваат од работата за основното училиште** | **Закани, пречки (опасности) што произлегуваат од опкружувањето за основното училиште** |
| ✓ Учество во проекти кои ќе придонесат за подобрување на квалитетот на воспитно-образовниот процес<br>✓ Зајакнување на дигиталните компетенции на воспитно-образовниот кадар<br>✓ Соработка со хуманитарни и невладини организации<br>✓ Соработка со компании со цел поддршка на професионалниот развој на учениците, како и за обезбедување донации<br>✓ Поттикнување на граѓанскиот активизам и волонтерството<br>✓ Континуирано спроведување мерки и активности за создавање безбедна и сигурна средина, спречување на насилно и дискриминирачко однесување, промовирање на еднаквост и правичност независно од половата, етничка и социјална припадност | ✓ Недостаток на инвестиции од страна на општината и МОН<br>✓ Ненавремено добивање насоки за постапување од страна на БРО<br>✓ Недоволен број образовни асистенти за поддршка на учениците со попреченост во наставата<br>✓ Уништување на училишниот имот од надворешни лица<br>✓ Сообраќаен метеж во непосредна близина на училишната зграда |

## 6.Мисија и визија

**Мисија** на училиштето претставува поттикнувањето на критичкото мислење кај учениците и градењето интеркултурализам преку култура која се заснова на ненасилство, демократичност и инклузивност

**Визија** на училиштето за следните четири години е континуирано подобрување на постигнувањата на учениците преку примена на иновативни образовни приоди и како и поттикнување на култура на хоризонтален дијалог, демократска клима и интеркултурализам.

## 7.Стратешки цели и приоритетни подрачја за развој во четиригодишниот период

| **Приоритетно подрачје** | **Ресурси<br>Управување, раководење и креирање политика** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Стратешка цел 1 Подобрување на инфраструктрата и материјално-техничките услови за учење и работа во училиштето*** | | | | | |
| **Развојна цел 1.1. Осовременување на кабинетот по информатитка и интернет мрежата** | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1 Планирање и обезбедување на финансиски средства** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Изработка на финансов план<br>-Усвојување на финансовиот план | Усвоен финансов план<br>Обезбедени средства | Директор<br>Секрекретар<br>Училишен одбор<br>Комисија | Учебна 2022/23г. | Компјутери | Директор<br>Комисија |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| -Обезбедување средства(донации, средства од училиштето) | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.2. Усогласување со нормативите и стандардите за простор, опрема и наставни средства** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на актив-ностите** |
| -Консултации со стручни лица<br>-Изготвување план/проект<br>-Набавка на потребната опрема | Современ кабинет за настава по информатика | Директор<br>Комисија<br>Стручно лице<br>Наставник по информатика | Учебна 2022/23г. | Компјутер<br>Смарт табла<br>Прожектор<br>Печатач<br>Клупи<br>Столчиња | Директор<br>Комисија<br>Наставник по информатика |
| **Конкретна цел 1.1.3. Изведба на активностите и инсталирање на опремата** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Поставување на мрежна инсталација<br>-Поставување и поврзување на опремата | Современ кабинет за настава по информатика | Директор<br>Комисија<br>Стручно лице<br>Наставник по информатика | Учебна 2022/23г. | Компјутер<br>Смарт табла<br>Прожектор | Директор<br>Комисија<br>Наставник по информатика |

| **Развојна цел 1.2. Уредување на училишниот двор** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.2.1 Поставување спортски реквизити и урбана опрема** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Изработка на финансов план<br>-Усогласување со нормативите и стандардите за простор, опрема и наставни средства за основно училиште<br>-Обезбедување средства<br>-Набавка и поставување на набавената опрема и реквизити | Усвоен финансов план<br>Подобрени и побезбедни услови за изведување спортско-рекреативни активности | Директор<br>Секрекретар<br>Училишен одбор<br>Комисија | Изработка на финансов план<br>Усвојување на финансовиот план<br>Обезбедување средства | Усвоен финансов план | Директор<br>Комисија<br>Наставнички совет |
| **Конкретна цел 1.2.2 Хортикултурно уредување на училишниот двор** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Изработка на финансов план<br>-Консултации со стручни лица<br>-Обезбедување средства<br>-Набавка и засадување на садници | Усвоен финансов план<br><br>Хортикултурно уреден двор | Директор<br>Секрекретар<br>Училишен одбор<br>Комисија | Од учебна 2022/23 до учебна 2025/26 | Садници<br>Систем капка по капка | Директор<br>Комисија<br>Наставнички совет |

| **Развојна цел 1.3. Поставување енергетско-ефикасна фасада на дел од училишната зграда** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.3.1 Планирање и обезбедување на финансиски средства** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Изработка на финансов план<br>-Усвојување на финансовиот план<br>-Обезбедување средства | Усвоен финансов план | Директор<br>Секрекретар<br>Училишен одбор<br>Комисија | Од учебна 2022/23 до учебна 2025/26 | Компјутер<br>Принтер | Директор<br>Комисија<br>Наставнички совет |
| **Конкретна цел 1.3.2 Спроведување постапка за јавна набавка** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализа-цијата на актив-ностите** |
| -Изработка на техничка спецификација<br>-Објавување јавен оглас на ЕСЈН<br>-Избор на најдобра понуда<br>-Склучување договор | Избран најдобар понудувач | Директор<br>Комисја за јавни набавки<br>Фирма за изработка на техничка спецификација | Од учебна 2022/23 до учебна 2025/26 | Компјутер | Комисија за јавна набавка |
| **Конкретна цел 1.3.3 Изведба на градежните активности** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Поставување на енергетско-ефикасна фасада<br>-Боење на фасадата | Поставена енергетско-ефикасна фасада | Градежна фирма | Од учебна 2022/23 до учебна 2025/26 | Градежни материјали | Директор<br>Хаус мајстор |

| **Приоритетно подрачје** | **Училишна клима и култура** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| ***Стратешка цел 2 Подобрување на соработката со локалната заедница и демократско дизајнирање на училиштето*** | | | | | |
| **Развојна цел 1.1. Зајакнување на демократската клима во училиштето** | | | | | |
| **Конкретна цел 1.1.1 Поттикнување на ученичките иницијативи** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Демократска партиципација на учениците преку ученичките тела<br>-Спроведување ученички иницијативи<br>-Спроведување активности во рамките на предметот граѓанско образование<br>-Промоција на ученичките иницијативи – организирање отворен ден на Граѓанско образование | Здружување во посебни ученички тела<br>Активно вклучување на учениците во донесување одлуки и преземање активности за позитивни промени<br>Унапредување и практикување на демократската клима во училиштето<br>Информирана | Директор<br>Одговорни наставници на ученичкиот парламент<br>Стручни соработници<br>Наставници по граѓанско образование | Од учебна 2022/23 до учебна 2025/26 | Кампањи<br>Работилници<br>Презентации<br>Постери<br>Флаери | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | пошироката заедница за реализираните активности | | | | |
| **Развојна цел 1.2 Зајакнување на соработката со локалната заедница** | | | | | |
| **Конкретна цел 1.2.1** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Формирање тим за соработка со локална заедница<br>- Учество на родителите во предавања, работилници, проекти, еколошки и хуманитарни акции<br>-Вклучување на училиштето во културни и образовни воннаставни активности организирани од локалната заедница<br>-Соработка со хуманитарни и невладини организации, граѓански здруженија и асоцијации<br>-Учество во проекти од областа на образование<br>-Промовирање на активностите на училиштето во пошироката заедница | Формиран тим за поддршка и следење<br>Вклученост на целокупниот наставен кадар, учениците и родителите во организирани активности<br><br>Успешна и плодна соработка со институции, здруженија и НВО организации<br><br>Поголема вклученост на училиштето во Еразмус + | Директор<br><br>Стручни соработници<br>Наставници<br><br>Родители<br><br>Општина Гази Баба<br><br>Релевантни институции, невладини организации и здруженија на граѓани | Од учебна 2022/23 до учебна 2025/26 | Годишна програма<br>Извештај од СЕУ<br>Концепција за деветтгодишно образование<br>Концепција за воннаставни активности во основното училиште<br><br>Компјутер<br>Веб страна на училиштето<br>ФБ профил<br>Училишен весник<br>Медиуми | Директор<br>Стручни соработници<br>Наставници одговорни на стручни активи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | проекти и проекти на НВО секторот<br><br>Информирана локалната и пошироката заедница со животот , работата на училиштето и резултатите што ги постигнува | | | | |

| **Развојна цел 1.3. Креирање ненасилна училишна култура** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Конкретна цел 1.3.1** | | | | | |
| **Активности** | **Индикатори за успех** | **Носители на активностите** | **Временска рамка за имплементација** | **Потребни ресурси** | **Тим за следење на реализацијата на активностите** |
| -Креирање политика во училиштето за превенција на насилното однесување, злоупотреба, запуштање и спречување дискриминација<br>-Прибирање податоци за појава на насилно однесување во училиштето<br>-Реализирање на обуки за наставници и стручни соработници со цел развивање компетенции за справување со појави на насилство<br>-Организирање предавања | Согледување на состојбата во училиштето за појавите на насилно однесување<br>Зајакнати компетенции кај наставниците за препознавање на сите форми насилство и дискриминација и справување со истите.<br>Непречено одвивање на | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници<br>Родители<br>Соработници од СВР Скопје<br>Општина Гази Баба | Од учебна 2022/23 до учебна 2025/26 | Упатство за постапка за пријавување ученик-жртва<br><br>Анкетен прашалник<br><br>Стручна литература<br>Кампањи<br>Работилници<br>Предавања<br>Презентации<br>Постери<br>Флаери | Директор<br>Наставници<br>Стручни соработници |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| и работилници со ученици на теми поврзани со поттинување ненасилна култура<br>-Предавања/активности со ученици од седмо и осмо одд. во рамки на проектот„Безбедност во училиштата“ | воспитно-образовниот процес во училиштето<br>Училишна клима каде сите се чувствуваат безбедно, сигурно и прифатено | | | | |

## 8.Соработка на основното училиште со родителите/старателите

Целта на програмата за соработка на училиштето со родителите/старателите на ученикот е да се подигне високо ниво на партнерство на релација родител-училиште во остварувањето на воспитно-образовната функција на училиштето и да се обезбеди помош и поддршка на родителите во извршувањето на нивната воспитна улога. Оваа цел ќе се реализира преку организирање различни форми на активности насочени кон обезбедување постојана и квалитетна соработка помеѓу родителите и училиштето и навремено информирање на родителите за сите аспекти од училишниот живот и работата, релевантни за развојот, образованието и воспитувањето на учениците. Училиштето им дава можност на родителите да се вклучат во воспитно-образовниот процес на нивните деца  и животот и работата на училиштето преку организирање на редовни и индивидуални родителски средби, отворен ден за прием на родители, вклучување во Советот на родители на ниво на паралелки, одделенија и на ниво на училиште и Училишниот одбор. На родителски средби, родителите  се запознаваат со успехот и поведението на учениците во изминатиот период, со проблемите со кои се соочува секој ученик посебно и  се даваат насоки и сугестии за понатамошно подобрување на успехот. Од родителите се очекува да ги застапуваат интересите на учениците преку своите тела во училиштето (Советот на родители) и преку другите тела во чија работа учествуваат (Училиштен одбор). На редовните состаноци на Советот на родители, присутните се информираат за работата на училиштето и се разгледуваат суштински прашања, а на родителите-претставници им е овозможено активно и континуирано  партиципирање во донесувањето на одлуки.

Училиштето формира тим за подготовка и реализација на брошура за родители која содржи информации за мисијата, визијата и приоритетите на училиштето за претстојната учебна година, за организацијата на наставата, за материјално-техничката опременост на училиштето, учеството во проекти, натпревари и манифестации, етичкиот кодекс на однесување и оценувањето на учениците, правата и обврските на учениците и родителите и други потребни информации. Освен во планирањето, родителите можат да се вклучат и во реализацијата на вонаставните активности, работејќи заедно со наставниците кои се одговорни за самата реализација. Притоа, родителите можат да се јават во улога на помошници или на носители за активноста заедно со одговорниот наставник и кога се работи за краткотрајни и за подолготрајни вонаставни активности. На тој начин родителите можат да придонесат и за проширување на листата на вонаставни активности што ќе се реализираат во училиштето. Со свои предлози и личен ангажман родителите учествуваат во организизација на забави, хепенинзи, екскурзии и други манифестации.

## 9.Соработка на училиштето со општината, институциите од областа на образованието и НВО

Училиштето остварува континуирана соработка со голем број институцииод областа на образованието, културата, невладини организиции, спортски друштва, медиуми...

**Локална заедница**

Со цел да го зголеми својот углед и да ја промовира својата работа во локалната заедница и пошироко, училиштето по пат на презентации, соопштенија и публикации континуирано го унапредува квалитетот на соработката со локалната заедница.На тој начин овозможува стекнување доверба, создавање добра волја и поволно мислење како член на заедницата. Соработката со локалната зедница најчесто опфаќа: соработка со семејството, особено со родителите; соработка со локалната самоуправа и воспитно-образовните установи, институции од областа на културата, претпријатија и други органи и организации, разновидни општествени, културни и образовни активности со младината и возрасното население од локалнатазедница; информирање на пошироката јавност за резултатите што ги постигнува училиштето; вклучување на училиштето во културни и

образовни активности што се организираат во локалната средина. Соработката на училиштето со локалната заедница подразбира и организирање на заеднички настани преку кои ќе се промовираат воннаставните активности и нивните продукти не само пред родителите, туку и надвор од училиштето. Училиштето подготвува програми и организира активности за одбележување на значајни прослави (празник на училиштето, државни празници, а особено по повод на започнувањето на наставата и завршувањето на наставната година и др.) од кои дел се реализираат во соработка со населението од локалната средина и се превземаат најразлични акции на соработка кои се од интерес и на училиштето и на локалната средина. Низ овие активности училиштето ги покажува постигањата во наставата и слободните ученички активности (хор, оркестар, драмски и литературни групи, ликовно творештво и сл.) Училиштето соработува и изведува организирани посети на институции од локалната заедница и пошироко.

**Институции од областа на образованието**

Училиштето има отворена соработка со МОН, БРО, ДПИ,Сoју ЦСР, со детските градинки, основните и средни училишта, Филозофскиот и Педагошкиот Факултет. Соработката со основните училишта од општина Гази Баба, ОУРЦ „Иднина“, градот, републиката и пошироко и се одвива во насока на активности кои ги третираат наставата и воннаставните активности, при одбележувањето на значајни датуми, патрони празници, како и учество на ликовни и литературни конкурси, натпревари на знаења, како и манифестации од спортско -рекреативен и забавен карактер. Соработката со средните училишта се остварува преку најразлични форми на културно – образовни активности и посети на отворени денови во рамките на професионалното информирање и ориентирање на учениците. Се остварува соработка со УКИМ- Филозофскиот Факултет, Институт за педагогија при организирање на педагошка и методска практика на студентите како и со Институт за психологија и Институтот за специјална едукација и рехабилитација при организирање на задолжителна пракса на студентите.

**Невладини организации**

Училиштето остварува соработка со Ресурсен центар за родители и деца на општина Гази Баба, СОС Детско Село Македонија, Црвениот  Крст на Македонија, Прва детска амбасада “Меѓаши” и разни еколошки друштва. Се планираат и организираат заеднички акции од хуманитарен карактер.

**Спортски друштва**

Уилиштето соработува со повеке спортски клубови: ракометниот клуб „Металург“, кошаркарскиот  клуб “Феникс“, „Кик-бокс “ клуб за боречки вештини и одбојкарскиот клуб „Автокоманда“ , клуб за модерни танци ,,Еурека,, со цел унапредување на здравјето и развој на човечки способности и  особини кои се во согласност со општествената заедница и потребите на современото живеење.

**Здравствени организации**

Училиштето  целосно ја остварува потребната комуникација  и соработка со: ЈЗУ Поликлиника „Ченто“, Амбуланта Автокоманда ,Заводот за ментално здравје и други институции кои пружаат здраствени и  психолошки услуги и со центрите за социјална помош со цел задоволување на потребите на одредени групи на ученици.

**Медиуми**

Целокупниот воспитно-образовен процес во училиштето е јавен и транспарентен. Во јавноста освен постигањата и резултатите од учество на учениците  во натпревари на знаења се презентираат и резултатите од сите спроведени проектни активности , како и натпревари од забавно спортски карактер,  учество во тв емисии, трибини, ликовни колонии  и литературни манифестации. Информирањето за активностите на учениците се одвива континуирано во текот на целата учебна година  преку разни списанија и весници,стручни списанија, како Просветен работник, Просветно дело , Арс Ламина и други, како и преку радио и телевизиски емисии.

## 10.Следење на имплементацијата на развојната програма за работа на училиштето

| Приоритетни подрачја за следење | Начин и време на следење | Одговорно/ни лице/а | Кој треба да биде информиран за следењето |
|---|---|---|---|
| **Ресурси** | Увид во финансиски план<br>Одлуки<br>Записници<br>Извештаи | Директор<br>Стручни соработници<br>Одговорен за подрачјето од самоевалуација | Директор<br>Наставничкиот совет<br>Совет на родители<br>УО |
| **Управување, раководење и креирање политика** | Увид во финансиски план<br>Одлуки<br>Записници<br>Извештаи | Директор<br>Стручни соработници<br>Одговорен за подрачјето од самоевалуацијата | Директор<br>Наставничкиот совет<br>Совет на родители<br>УО |
| **Училишна клима и култура** | Записници<br>Извештаи<br>Веб страна | Директор<br>Стручни соработници<br>Одговорен за ова подрачјето од СЕУ | Директор<br>Наставничкиот совет<br>Совет на родители<br>УО |

## 11.Евалуација на Развојната програма за работа на училиштето

Евалуацијата на Развојната програма за работа на училиштето и реализацијата на предвидените активности во наредниот четиригодишен период ќе се настојува да се реализира со активно следење и евалуирање на активностите од страна на членовите на работните групи на приоритетните подрачја за самоевалуација преку: прашалници, документи, записници и протоколи, дискусии, интервјуа, увид во работата на учениците, преку процес на набљудување, независни евалуациони извештаи и други инструменти.

## 12.Заклучок

Училишната развојна програма на ООУ „Стив Наумов“ за периодот од 2022-2026 година е креирана со цел да се подобри квалитетот на работата и истата содржи цели и задачи кои се планирани за реализација во идните четири години. Сакаме нашето училиште да биде стимулативна и безбедна средина средина за учење и работа во современи услови, каде постои меѓусебна соработка и задоволуваат потребите и интересите на сите учесници во образовниот процес. Поттикнувајќи го активното вклучување на учениците во училишниот живот ќе придонесеме кон градење позитивни вредности, развивање свесност за училишните и за општествените проблеми, заедништво, активизам, соработка, преземање иницијативи и изнаоѓање соодветни решенија за промени. Со поставените цели и задачи ќе се обидеме да го поттикнеме развојот и да ги подобриме постигањата на учениците во согласност со нивните психофизички способности и индивидуалните карактеристики преку подобрување на квалитетот на воспитно-обраовнота работа, преку соработка и корелација на сите вработени во училиштето, со размена на иновативни идеи, договор и распределба на должностите и одговорностите, како и соработка со родители и институциите.

## 13.Комисија за изработка на Развојната програма за работа на училиштето

Биљана Василевска - педагог

Билјана Теовска - специјален едукатор

Маја Питроповска - одделенски наставник

Лилјана Трајкова - предметен наставник

Олгица Ристовска - предметен наставник

Тони Лефковски – родител

## 14.Користена литература


1. Закон за основно образование (Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година);
2. Правилникот за формата и содржината на развојната и годишната програма за работа на основното училиште бр. 18-6579/1 од 06.07.2020г.
3. „Нормативи и стандарди за простор, опрема и наставни средства за основно училиште во Република Северна Македонија“, Биро за развој на образованието - Скопје, 2020 година (www.bro.gov.mk);
4. „Стратегија за образованието 2018 – 2025 година и Акциски план“, Министерство за образование и наука - Скопје, 2018 (www.mon.edu.mk);
5. Конечен извештај од извршената интегрална евалуација во април 2019 год.
6. Извештај од спроведена самоевалуација на работата на училиштето за периодот од 2020-2022 година
7. Годишен извештај за работата на училиштето за учебната 2021/22 година
8. Програма за работа на училиштето за 2022/23 година


СКОПЈЕ М.П Директор на ООУ,,Стив Наумов,,

05.10.2022 година Елизабета Јовановска

_______________________________

Претседател на Училишен одбор

Димитар Проданов

_______________________________